ЗЕЛС
BNJVL

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ДЕКЕМВРИ / DHJETOR 2018



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА **- ЗЕЛС**

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË **- BNJVL**



**Почитувани,**

На 14 декември, 2018 година, во Скопје беше одржана третата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС на која делегатите укажаа на потребата од преиспитување на сегашните позиции на локалната власт, пред сè на надлежностите што подеднакво ги имаат сите општини и на висината на финансиските средства за нивно спроведување. Целта е да се утврдат најповолните чекори за натамошниот развој на процесот на децентрализацијата во земјава. За обезбедување на поголема финансиска стабилност на општините, повторно беа нагласени барањата на ЗЕЛС за зголемување на: зафаќањето од ДДВ на 10 %, од персоналниот данок на 50% и на средствата во сите блок дотации. На седницата делегатите едногласно ги усвоија и акцискиот план и буџетот на ЗЕЛС за 2019 година. Истиот ден, пред одржувањето на седницата на Генералното собрание, ЗЕЛС со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во нашата земја, организираше конференција насловена „Децентрализација: патот што претстои". Станува збор за средба на локалната со централната власт. Градоначалниците, како и претставниците на Комитетот на советите при ЗЕЛС имаа тричасовна дискусија со премиерот на Република Македонија, Зоран Заев и голем број министри од Владата. Беа изнесени предизвиците со кои се соочуваат општините во областа на урбанизмот, образованието, противпожарната заштита, културата, социјалната заштита, а пред сè беше нагласена потребата за поголема финансиска стабилност на локалната власт. Охрабрувачки беше излагањето на премиерот Заев, кој ги изнесе заложбите на централната власт да биде вистински партнер на општините. Тој посочи и на подготвеноста, финансиски да бидат поддржани општините во реализацијата на низа капитални инвестиции, меѓу кои за изградба на локални патишта, канализациони и водоводни мрежи, градинки, училишта ... Централната власт изрази подготвеност и за пренесување на нови надлежности на локално ниво, доколку општините покажат подготвеност за тоа. Во текот на месец декември, во ЗЕЛС тренинг центарот беа организирани и низа работилници и обуки за општинската администрација. За претставниците од секторите и одделенијата за финансирање и буџет од општините беше одржано советување за прилагодувањата што треба да ги направат при изработката на предлог-буџетите, односно нивното усогласување со измените на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. „Туризмот и потенцијалите на општините" беше темата на обуката што ја организираше ЗЕЛС за претставниците од одделенијата за локален економски развој. Обука беше одржана и за претставниците од човечки ресурси на општините, кои во согласност со законот треба да изработат функционална анализа, која треба да претставува основа за подготовка на актот за внатрешна организација и на актот за систематизацијата на работните места. За членовите на Мрежата за животна средина, при ЗЕЛС, беше организирана работилница, поврзана со обврската на општините за изработка на акциски план со долгорочни решенија за намалување на загадувањето на воздухот. Со овие, но и со другите активности што ЗЕЛС ги реализираше во месец декември ќе можете поопширно да се запознаете во овој број на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

**Të nderuar,**

Më 14 dhjetor 2018, në Shkup u mbajt seanca e tretë e Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së në të cilën delegatët theksuan nevojën për rishikimin e pozicioneve aktuale të pushtetit lokal, para të gjithash të kompetencave që i kanë në mënyrë të barabartë të gjitha komunat dhe shumës së mjeteve për zbatimin e tyre. Qëllimi është të përcaktohen hapat më të favorshëm për zhvillimin e mëtejshëm të procesit të decentralizimit në vend. Për sigurimin e stabilitetit më të madh financiar të komunave, përsëri u theksuan kërkesat e BNJVL-së për t'u rritur: përfshirja e TVSH-së në 10%, të tatimit personal në 50% dhe të mjeteve në të gjitha bllok dotacionet. Në seancë, delegatët miratuan unanimisht Planin aksionar dhe Buxhetin e BNJVL-së për vitin 2019. Të njëjtën ditë, para mbajtjes së seancës së Kuvendit Gjeneral, BNJVL-ja me mbështetjen e Misionit të OSBE-së në vend, organizoi konferencën "Decentralizimi: Rruga që na pret". Bëhet fjalë një takim midis përfaqësuesve të pushtetit lokal dhe atij qendror. Kryetarët e komunave, si dhe përfaqësuesit e Komitetit të këshillave të BNJVL-së kishin diskutim tre-orësh me Kryeministrin e Republikës së Maqedonisë, Zoran Zaev dhe shumë ministra të Qeverisë. U theksuan sfidat me të cilat ballafaqohen komunat në sferën e urbanizmit, arsimit, mbrojtjes nga zjarri, kulturës, mirëqenies sociale dhe, mbi të gjitha u theksua nevoja për stabilitet më të madh financiar të pushtetit vendor. Inkurajues ishte fjalimi i Kryeministrit Zaev, i cili paraqiti angazhimet e pushtetit qendror për të qenë një partner i vërtetë i komunave. Ai theksoi gatishmërinë që të mbështeten komunat financiarisht në realizimin e një sërë investimesh kapitale, duke përfshirë ndërtimin e rrugëve lokale, rrjeteve të kanalizimeve dhe ujësjellësve, kopshteve të fëmijëve, shkollave... Pushteti qendror shprehu gatishmërinë për të transferuar kompetenca të reja në nivel lokal, nëse komunat tregojnë gatishmëri për ta bërë këtë. Gjatë muajit dhjetor, në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së u organizuan një sërë punëtorish dhe trajnimesh për administratën komunale. Për përfaqësuesit e sektorëve dhe departamenteve të financave dhe buxhetit të komunave u mbajt këshillim për adaptimet që duhet t'i bëjnë gjatë përgatitjes së projekt - buxheteve, përkatësisht harmonizimi i tyre me ndryshimet e Ligjit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale. "Turizmi dhe potencialet e komunave" ishte tema e trajnimit të cilin e organizoi BNJVL-ja për përfaqësuesit e departamenteve për zhvillim ekonomik lokal. Trajnim u mbajt edhe për përfaqësuesit e departamenteve të resurseve njerëzore të komunave, të cilët në përputhje me ligjin duhet të përgatisin një analizë funksionale, e cila duhet të jetë bazë për përgatitjen e aktit të organizimit të brendshëm dhe të aktit të klasifikimit të vendeve të punës. Ndërsa, për anëtarët e Rrjetit të mjedisit jetësor pranë BNJVL-së, u organizua një punëtori lidhur me obligimet e komunave për përgatitjen e planit aksionar me zgjidhje afatgjata për reduktimin e ndotjes së ajrit. Për këto, por edhe për aktivitete të tjera të cilat i organizoi BNJVL-ja në muajin dhjetor do të mund të informoheni më gjerësisht në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**
tel. +389 (0)2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema – Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska-Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

## ЈАКНЕЊЕ НА СОРАБОТКА НА ЛОКАЛНАТА И ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

## FORCIMI I BASHKËPUNIMIT TË PUSHTETIT LOKAL DHE ATIJ QENDROR

Претставници од Управниот одбор на ЗЕЛС, предводени од претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на 1 декември, 2018 година, во Клубот на пратениците во Скопје, имаа работна средба со премиерот на Република Македонија, Зоран Заев и со повеќе министри од Владата. Ваквите работни состаноци имаат за цел натамошно јакнење на дијалогот и соработката помеѓу општините и централната власт во изнаоѓањето на взаемно прифатливи решенија за спроведување на децентрализираните надлежности. ЗЕЛС и Владата на Република Македонија се партнери во напорите за обезбедување на квалитетни услуги за граѓаните и поквалитетен живот за сите, а оваа и неколкуте претходно реализирани заеднички средби се само потврда за тоа. Присутните градоначалници, меѓу кои и потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу, потоа Теута Арифи, Аце Коцевски, Наташа Петровска, Благој Бочварски, Саша Богдановиќ, Стефан Богоев и Максим Димитриевски ги изнесоа предизвиците со кои се соочуваат општините во повеќе области од надлежност на локалната власт, како и барањата за нивно надминување. Потребата од обезбедување на соодветни финансиски средства за спроведување на надлежностите беше приоритетното барање на ЗЕЛС. Беше укажано дека е потребно зголемување на зафаќањето од ДДВ од 4,5% (колку што изнесува сега), на најмалку 10 %, како и зголемување на зафаќањето од персоналниот данок на 50%, по примерот на многу европските земји. Долговите што ги имаат поголем број општини претставуваат, исто така, предизвик за функционално спроведување на активностите, поради што е потребна натамошна поддршка од централната власт, преку одредени поволни кредити за нивно целосно санирање. Пред министерот за финансии, Драган Тевдовски, беше нагласено и незадоволството во однос на последните измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. На состанокот беше потенцирана и потребата од зголемување на средства во блок дотациите за образование, противпожарна заштита, култура, социјална заштита.

Përfaqësuesit e Bordit drejtues të BNJVL-së, të udhëhequr nga Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, më 1 dhjetor 2018, në Klubin e deputetëve në Shkup patën një takim pune me Kryeministrin e Republikës së Maqedonisë, Zoran Zaev dhe disa ministra të Qeverisë. Takimet e këtilla pune kanë për qëllim që të forcojnë më tej dialogun dhe bashkëpunimin midis komunave dhe pushtetit qendror në gjetjen e zgjidhjeve të pranueshme reciproke për zbatimin e kompetencave të decentralizuara. BNJVL-ja dhe Qeveria e Republikës së Maqedonisë janë partnerë në përpjekjet për sigurimin e shërbimeve cilësore për qytetarët dhe një jetese më të mirë për të gjithë, ndërsa ky takim dhe disa takime të përbashkëta të realizuara më parë janë vetëm një konfirmim për këtë. Kryetarët e pranishëm të komunave, ndër të cilët edhe nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu, pastaj Teuta Arifi, Ace Kocevski, Natasha Petrovska, Bllagoj Boçvarski, Sasha Bogdanoviq, Stefan Bogoev dhe Maksim Dimitrievski prezantuan sfidat me të cilat ballafaqohen komunat në shumë sfera të kompetencave të pushtetit lokal, si dhe kërkesat për tejkalimin e tyre. Nevoja për të siguruar mjete përkatëse financiare për zbatimin e kompetencave ishte kërkesa me prioritet e BNJVL-së. U theksua se nevojitet të rritet përfshirja e TVSH-së prej 4.5% (siç është tani), në të paktën 10%, si dhe të rritet përfshirja e tatimit personal në 50%, siç është në shumë vende të tjera evropiane. Borxhet që i kanë një numër i madh i komunave janë gjithashtu një sfidë për zbatimin funksional të aktiviteteve dhe për këtë arsye nevojitet mbështetja e mëtejshme nga pushteti qendror, përmes kredive të caktuara të volitshme për shlyerjen e tyre të plotë. Para Ministrit të Financave, Dragan Tevdovski u theksua edhe pakënaqësia në lidhje me ndryshimet e fundit të Ligjit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale. Në takim u theksua edhe nevoja për rritjen e mjeteve të bllok-dotacioneve për arsim, mbrojtjen nga zjarri, kulturë, mbrojtjen sociale.



На состанокот присуствуваа министерот за локална самоуправа, Сухејл Фазлиу, министерот за образование и наука, Арбер Адеми, министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, министерот за транспорт и врски, Горан Сугаревски, како и претставници од Министерството за култура, Министерството за одбрана, од Министерството за економија, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Тие ги изнесоа можностите за поддршка на локалната власт, предвидените средства и проекти, при што посочија на потребата од преземање на активности за поголема ефикасност и ефективност при извршувањето на надлежностите од страна на локалната власт, како и поголема подготвеност за аплицирање со готови проекти за капитални инвестиции во делот на изградба на градинки, канализациони и други системи, изработка на урбанистички планови и друго.

Në takim morën pjesë Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Suhejl Fazliu, Ministri i Arsimit dhe Shkencës, Arbër Ademi, Ministri i Punës dhe Politikës Sociale, Milla Carovska, Ministri i Transportit dhe Lidhjeve, Goran Sugareski, si dhe përfaqësues nga Ministria e Kulturës, Ministria e Mbrojtjes , Ministria e Ekonomisë, Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave dhe Agjencia për mbështetje financiare të bujqësisë dhe zhvillimit rural. Ata prezantuan mundësitë për mbështetjen e pushtetit lokal, mjetet dhe projektet e parapara, me ç'rast theksuan nevojën për ndërmarrjen e aktiviteteve për efikasitet dhe efektivitet më të madh në kryerjen e kompetencave nga ana e pushtetit lokal, si dhe gatishmëri më të madhe për të aplikuar me projekte të gatshme për investime kapitale në pjesën e ndërtimit të kopshteve të fëmijëve, sistemeve të kanalizimeve dhe sistemeve të tjera, përgatitjes së planeve urbanistike etj.

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРЕДЛОГ - БУЏЕТИ СО ЗАКОНСКИТЕ ИЗМЕНИ ВО ДЕЛОТ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПРИХОДИТЕ

## KËSHILLIM PËR HARMONIZIM TË PROJEKT-BUXHETEVE TË KOMUNAVE ME NDRYSHIMET LIGJORE NË PJESËN E PLANIFIKIMIT TË TË ARDHURAVE

Во просториите на ЗЕЛС, на 4 декември, 2018 година беше одржано советување за претставниците од секторите и одделенијата за финансирање и буџет од општините. Преполната сала во ЗЕЛС, во двата утврдени термина, укажа на огромната заинтересираност на локалните власти за поводот поради кој ЗЕЛС го организираше ова советување. Станува збор за прилагодувањата што општините треба да ги направат при изработката на предлог-буџетите на општините, односно нивно усогласување со измените на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и донесувањето на Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки-корисници, основани од единиците на локалната самоуправа, за финансирање на доспеани а неплатени обврски.

Në hapësirat e BNJVL-së, më 4 dhjetor 2018 u mbajt këshillim për përfaqësuesit e sektorëve dhe departamenteve të financave dhe buxhetit të komunave. Salla e mbushur e BNJVL-së, në të dyja terminët e caktuar, tregoi interesimin e madh të autoriteteve lokale për arsyen për të cilën BNJVL-ja e organizoi këtë këshillim. Bëhet fjalë për një harmonizim të cilin duhet ta bëjnë komunat gjatë përgatitjes së projekt-buxheteve të komunave, gjegjësisht harmonizimi i tyre me ndryshimet e Ligjit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale dhe miratimin e Ligjit për mbështetjen financiare të njësive vetëqeverisjes lokale dhe individëve-përdorues, të themeluar nga njësitë e vetëqeverisjes lokale, për financimin e detyrimeve të maturuara dhe të papaguara.



По тој повод ЗЕЛС повика претставници од Министерството за финансии кои пред присутните ги изнесоа сите аспекти на донесување на овие закони, а пред сè говореа за начинот на нивното имплементирање во општинскиот буџет. Најголемата вознемиреност кај претставниците од локалната власт се однесуваше на две полиња. Првото, дека со законските измени се создава своевидно ограничување на општинските буџети, а со тоа и ограничување на вршењето на работата и надлежностите на единиците на локалната самоуправа, неможност за креирање на политики за развој, како и можност за нивна евентуална финансиска нестабилност. Втората забелешка се однесуваше на многу краткиот рок за прилагодување на предлог - буџетот, кој во овој период веќе треба да биде изнесен на гласање пред Советот на општината.

Присутните добија одредени одговори на бројните поставени прашања за тоа како да постапуваат при прилагодувањето, а за дел од одговорите претставниците од Министерството за финансии информираа дека ќе ги достават во најкраток рок, по извршувањето на одредени консултации во Министерството.

Локалните власти, генерално не беа задоволни од одговорите кои ги добија и се на ставот дека ќе се соочат со бројни предизвици при реализацијата за буџетот за 2019 година, односно дека нема да постои никаква можност за развојната компонента.

Me këtë rast, BNJVL-ja thirri përfaqësues të Ministrisë së Financave, të cilët nxorën para të pranishmëve të gjitha aspektet e miratimit të këtyre ligjeve, dhe mbi të gjitha folën për mënyrën e zbatimit të tyre në buxhetin komunal. Shqetësimi më i madh te përfaqësuesit e pushtetit lokal kishte të bënte me dy fusha. Së pari, se me ndryshimet ligjore krijohet një lloj kufizimi të buxheteve komunale dhe me këtë edhe kufizim të kryerjes së punës dhe kompetencave të njësive të vetëqeverisjes lokale, pamundësi për krijimin e politikave të zhvillimit, si dhe mundësi për paqëndrueshmëri të tyre eventuale financiare. Vërejtja e dytë kishte të bënte me afatin shumë të shkurtër kohor për harmonizimin e projekt-buxhetit, i cili në këtë periudhë tashmë duhet të vihet në votim përpara Këshillit të komunës.

Të pranishmit morën përgjigje të caktuara për pyetjet e shumta të parashtruara për mënyrën se si të veprojnë gjatë harmonizimit, ndërsa për një pjesë të përgjigjeve përfaqësuesit e Ministrisë së Financave informuan se do t'i dërgojnë ato për një afat sa më të shkurtër, pas kryerjes së konsultimeve të caktuara në Ministri.

Autoritetet lokale në përgjithësi nuk ishin të kënaqur me përgjigjet që i morën dhe mendojnë se do të ballafaqohen me sfida të shumta gjatë realizimit të buxhetit për vitin 2019, përkatësisht se nuk do të ketë asnjë mundësi për komponentin e zhvillimit.

## „ТУРИЗМОТ И ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ОПШТИНИТЕ" - ТЕМА НА ОБУКАТА ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД ЛЕР

## "TURIZMI DHE POTENCIALET E KOMUNAVE" – TEMË E TRAJNIMIT PËR PËRFAQËSUESIT E ZHEL-IT



„Туризмот и потенцијалите на општините" беше темата на обуката што ЗЕЛС ја организираше за претставниците од областа на локален економски развој (ЛЕР) од локалната власт. Обуката беше реализирана на 4 декември, 2018 година во ЗЕЛС тренинг центарот, во согласност со Планот за обуки на ЗЕЛС, документ кој се изготвува врз основа на изразените потреби на административните службеници од општините. Заменик извршната директорка на ЗЕЛС, Ардита Дема - Мехмети, на почетокот на своето излагање упати апел до присутните, сериозно да обрнат внимание на барањето што наскоро ЗЕЛС ќе го достави до сите општини, а во кое општинската администрација треба да ги наведе обуките кои смета дека ќе помогнат во извршувањето на своите обврски. ЗЕЛС потоа ќе утврди План за обуки за 2019 година во кој ќе се утврдуваат обуките за 2019 година што Заедницата ќе ги реализира за потребите на општинската администрација од сите области кои се во надлежност на локалната власт. За реализирањето на оваа обука ЗЕЛС обезбеди адекватни претставници од Министерството за економија, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, универзитетски професор од областа на маркетинг и туризам и претставници од донаторски организации и од невладиниот сектор.

Раководителот на Секторот за туризам, при Министерството за економија, Беким Хаџиу, пред присутните ги претстави обврските на општините во согласност со Законот за туристичка

"Turizmi dhe potencialet e komunave" ishte tema e trajnimit që e organizoi BNJVL-ja për përfaqësuesit e sferës së zhvillimit ekonomik lokal (ZHEL) nga pushteti lokal. Trajnimi u realizua më 4 dhjetor 2018 në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së, në përputhje me Planin e trajnimeve të BNJVL-së, dokument i cili përpilohet në bazë të nevojave të shprehura të nëpunësve administrativë të komunave. Zëvendës drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Ardita Dema - Mehmeti, në fillim të fjalimit të saj u bëri apel të pranishmëve për t'i kushtuar seriozisht vëmendje thirrjes, të cilën së shpejti do ta dërgojë BNJVL-ja deri te të gjitha komunat, në të cilën administrata komunale duhet t'i shkruajë trajnimet të cilat vlerëson se do ta ndihmojnë në kryerjen e detyrimeve të përditshme. BNJVL-ja pastaj do ta përcaktojë Planin e trajnimeve për vitin 2019, në të cilin do të përcaktohen trajnimet për vitin 2019 të cilat do t'i realizojë Bashkësia për nevojat e administratës komunale nga të gjitha sferat që janë kompetencë e pushtetit lokal. Për realizimin e këtij trajnimi, BNJVL-ja ka siguruar përfaqësues adekuatë nga Ministria e Ekonomisë, Agjencia për promovim dhe mbështetje të turizmit, profesor universitar nga sfera e marketingut dhe turizmit dhe përfaqësues nga organizata donatore dhe sektori joqeveritar. Udhëheqësi i Sektorit të turizmit pranë Ministrisë së Ekonomisë, Bekim Haxhiu prezantoi para të pranishmëve obligimet e komunave në përputhje me Ligjin për veprimtarinë turistike, Ligjin për veprimtarinë hoteliere dhe Ligjin për taksën e qëndrimit të përkohshëm. Ai veçanërisht u përqendrua në obligimet e evidentimit të mysafirëve që i kanë personat fizikë që ofrojnë akomodim, kategorizimin e saktë të

дејност, Законот за угостителска дејност и Законот за таксата за привремен престој. Тој особено се задржа на обврските за евидентирање на гостите што ги имаат физичките лица кои нудат сместување, правилната категоризација на овие објекти и квалитетната реализација на инспекцискиот надзор. Присутните истакнаа дека во општините сериозен предизвик претставува незастапеноста или неадекватната застапеност на овластени инспектори за туризам по општините, а како најзначајна причина беше посочена слабата финансиска моќ на голем број општини за вработување на нови кадри, или преобемното и разновидно поле на овластувања што ги има еден инспектор во општината. Претставниците од општините во Град Скопје, пак, укажаа на потребата од иницирање на законски измени во делот на распределба на средствата од наплатената таксата за привремен престој меѓу градот и скопските општини, бидејќи според сегашното законско решение средствата по овој основ, во целост се приход на Град Скопје и доколку процент од овие средства се слева на буџетите на општините од градот Скопје, така секоја би можела да спроведува проекти за општа туристичка промоција и за подобрување на условите за престој на туристите во нивните подрачја, бидејќи тие најдобро ги знаат условите и можностите на нивните општини. За активностите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ), за нивните актуелни проекти, како и можностите за заедничка промоција на туристичките потенцијали на општините, говореше претставникот од оваа институција, Зоран

këtyre objekteve dhe realizimin cilësor të mbikëqyrjes inspektuese. Të pranishmit theksuan se në komuna sfidë serioze është mungesa e përfaqësimit ose përfaqësimi joadekuat i inspektorëve të autorizuar të turizmit nëpër komunat, e si arsye më e rëndësishme u theksua fuqia e dobët financiare e një numri të madh të komunave për të punësuar kuadro të reja ose autorizimet e shumta dhe të ndryshme që i ka një inspektor në komunë. Përfaqësuesit e komunave në Qytetin e Shkupit, megjithatë, theksuan nevojën për inicimin e ndryshimeve ligjore në pjesën e ndarjes së mjeteve të mbledhura nga taksa për qëndrim të përkohshëm midis Qytetit dhe komunave të Shkupit, sepse sipas zgjidhjes aktuale ligjore, mjetet e kësaj baze janë tërësisht të ardhura të Qytetit të Shkupit dhe nëse një përqindje e këtyre mjeteve shkon në buxhetet e komunave të Qytetit të Shkupit, çdo komunë do të mund të zbatonte projekte për promovimin e përgjithshëm të turizmit dhe për përmirësimin e kushteve të qëndrimit të turistëve në zonat e tyre, sepse ato i dinë më mirë kushtet dhe mundësitë e komunave të tyre. Për aktivitetet e Agjencisë për promovim dhe mbështetje të turizmit (APMT), për projektet e tyre aktuale, si dhe për mundësitë për promovimin e përbashkët të potencialeve turistike të komunave foli përfaqësuesi i këtij institucioni, Zoran Nikollovski. Ai theksoi se në korniza ndërkombëtare, më aktual është turizmi aktiv, i cili gjithnjë e më shumë po zhvillohet edhe në vendin tonë, si një turizëm alternativ. Si shembull u veçua qyteti i Krushevës, i cili momentalisht është në mesin e dhjetë destinacioneve më të mira në botë për paraglajderizëm dhe ku Agjencia jep njëfarë mbështetjeje për promovimin dhe realizimin e aktiviteteve përkatëse së bashku me komunën. U theksua edhe



Николовски. Тој посочи дека во меѓународни рамки најактуелен е активниот туризам, кој сè повеќе се развива и во нашата земја, како алтернативен туризам. За пример беше издвоен градот Крушево, кој моментно е меѓу десетте топ дестинации во светот за параглајдерство и каде Агенцијата дава одредена поддршка за промоција и реализација на соодветни активности заедно со општината. Беше нагласена и потребата општините да се придружат на поканите што Агенцијата ги објавува за заедничко учество на регионални и меѓународни саеми за промоција на нашите туристички дестинации и региони. На овие манифестации локалните власти може да добијат многу идеи за реализација на проекти кои ќе привлечат туристи на локално ниво. Николовски посочи и на постоењето на Закон за патеки, кон кој локалната власт задолжително мора да се придржува, при подготовката на вакви проекти на локално ниво.

nevoja që komunat t'u bashkohen ftesave që i publikon Agjencia për pjesëmarrje të përbashkët në panaire rajonale dhe ndërkombëtare për promovimin e destinacioneve dhe rajoneve tona turistike. Në këto manifestime, autoritetet lokale mund të fitojnë shumë ide për realizimin e projekteve që do të tërheqin turistët në nivel lokal. Nikollovski theksoi edhe ekzistimin e Ligjit për shtigjet, të cilin komuna është e detyruar ta respektojë gjatë përgatitjes së projekteve të këtilla në nivel lokal. Profesoresha Marija Magdinçeva - Shopova theksoi rëndësinë që komunat të hartojnë dokumente strategjike për zhvillimin e turizmit në nivel lokal. Përveç kësaj, ajo theksoi nevojën për të pasur kujdes për harmonizimin e tyre me dokumentet ekzistuese kombëtare strategjike, me qëllim që të sigurohet prezantim të mëtejshëm të përbashkët të koordinuar dhe përmirësim të mundësive për zhvillimin e turizmit në vend. Sesioni i fundit kishte të bënte me prezantimin e praktikave të mira në fushën e promovimit të turizmit. U prezantuan dy projekte. Elena

Професорката Марија Магдинчева - Шопова ја потенцираше важноста, општините да изработуваат стратегиски документи за развој на туризмот на локално ниво. Притоа, таа ја нагласи и потребата да се води грижа за нивната усогласеност со постојните национални стратегиски документи, со цел да се обезбеди натамошно заедничко координирано настапување и унапредување на можностите за развој на туризмот во земјава. Последната сесија се однесуваше на презентација на добри практики од областа на промовирање на туризмот. Притоа, беа презентирани два проекта. За проектот „ Управување со дестинација- модел на одржлив туризам" говореше Елена Иванова, од ИМЕ проектот (Increasing market employability) финансирано од Швајцарската агенција за развој и соработка. Таа нагласи дека во креирањето на програмите за развој на туризмот или стратегискиот пристап секоја општина, треба да се води од сè поприфатеното начело за развој на туризмот : -„ развиваме туризам согласно со тоа што туристите ни бараат, а не врз основа на тоа што имаме". Поточно, таа посочи дека секогаш локалната власт треба добро да ги преиспита потенцијалите што ги има, но притоа предност за развивање треба да им даде на оние кои привлекуваат најмногу внимание од страна на туристите. За вториот проект „СТЕП", говореше неговиот раководител, Флорент Бајрами. Тој посочи дека станува збор за проект финансиран од средствата од ИПА компонента за прекугранична соработка меѓу Македонија и Албанија, а се однесува на зајакнување на иновативниот туризам, преку користење на онлајн алатки за вмрежување на сите чинители кои може да придонесат кон промоција на туристичките потенцијали во случајов на полошкиот регион.

Ivanova nga projekti IME (Increasing market employability), i financuar nga Agjencia zvicerane për zhvillim dhe bashkëpunim, foli për projektin "Menaxhim me destinacion - model i turizmit të qëndrueshëm". Ajo theksoi se në krijimin e programeve të zhvillimit të turizmit apo qasjes strategjike, çdo komunë duhet të udhëhiqet nga parimi gjithnjë më i pranuar për zhvillimin e turizmit: - "zhvillojmë turizmin sipas asaj që kërkojnë turistët, e jo në bazë të asaj që kemi". Saktësisht, ajo theksoi se pushteti lokal duhet gjithmonë t'i shqyrtojë potencialet që i ka, por njëkohësisht përparësi për zhvillim duhet t'u japë atyre potencialeve që tërheqin më shumë vëmendjen e turistëve. Për projektin e dytë "STEP" foli udhëheqësi i tij, Florent Bajrami. Ai theksoi se bëhet fjalë për një projekt të financuar nga mjetet e komponentit IPA për bashkëpunim ndërkufitar midis Maqedonisë dhe Shqipërisë, i cili ka të bëjë me përforcimin e turizmit inovativ nëpërmjet përdorimit të veglave online për rrjetëzimin e të gjitha palëve që mund të kontribuojnë për promovimin e potencialeve turistike të rajonit të Pollogut në këtë rast.







## ЈАВЕН ПОВИК ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА НОВИ ОПШТИНИ, ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО РЕГИОНАЛНИОТ СЕРТИФИКАТ ЗА БФЦ

Четиринаесеттиот состанок на Регионалниот совет за поволно деловно опкружување (БФЦ) беше одржан на 30 ноември, 2018 година во Скопје. На состанокот учествуваа претставници од националните сертификациони тела на земјите од регионот: Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Федерацијата БиХ и Република Српска. Националното сертификационо тело во Република Македонија го претставуваат ЗЕЛС и Сојузот на стопански комори на Република Македонија. Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, на средбата посочи дека следната година, ќе биде објавен јавен оглас за пријавување на нови општини од нашата земја, кои ќе сакаат да минат низ постапката за стекнување на овој регионалниот сертификат за поволно деловно опкружување (БФЦ СЕЕ). Таа рече дека се разговара и со Министерството за економија за вклучување на БФЦ активности во нивниот Акцискиот план. Беше посочено

## THIRRJE PUBLIKE NË VITIN E ARDHSHËM PËR PARAQITJE TË KOMUNAVE TË REJA PËR MARRJEN E ÇERTIFIKATËS RAJONALE PËR BFC

Mbledhja e katërmbëdhjetë e Këshillit rajonal për rrethim të volitshëm afarist (BFC) u mbajt më 30 nëntor 2018 në Shkup. Në takim morën pjesë përfaqësues nga organet kombëtare të certifikimit të vendeve të rajonit: Maqedonia, Serbia, Mali i Zi, Kroacia, Federata e Bosnjës dhe Hercegovinës dhe Republika Sërpska. Organin kombëtar të certifikimit në Republikën e Maqedonisë e përfaqësojnë BNJVL-ja dhe Lidhja e Odave Ekonomike të Republikës së Maqedonisë. Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq, theksoi në takim se vitin e ardhshëm do të shpallet thirrje publike për paraqitjen e komunave të reja në vendin tonë, të cilat do të duan të kalojnë procedurën e fitimit të kësaj certifikate rajonale për rrethim të volitshëm afarist (BFC SEE). Ajo tha se po bisedohet edhe me Ministrinë e Ekonomisë për përfshirjen e aktiviteteve BFC në Planin e tyre aksionar. Ajo theksoi se në Maqedoni gjatë këtij viti

дека во Македонија во текот на оваа година се реализирани повеќе инфо-денови во сертифицираните општини, каде е презентиран планот за реализирање на проектот за јавно- приватна соработка. Интересот на деловните субјекти не е голем, бидејќи има малку фирми кои можат да го исполнат барањето, да имаат 25% странски капитал, а посочена е потребата и од поголемо прецизирање на критериумите за аплицирање. Во подготовка е нацрт-спогодба за соработка со две високообразовни установи и со „Скопска пивара". Во нашата земја досега седум општини се стекнаа со овој регионален сертификат за поволно деловно опкружување ( БФЦ) и тоа општините: Велес, Струмица, Богданци, Штип, Гази Баба, Град Скопје и Илинден.

janë realizuar më shumë info-ditë në komunat e certifikuara, ku është prezantuar plani për realizimin e projektit për bashkëpunim publik - privat. Interesi i subjekteve afariste nuk është i madh, sepse ka pak kompani që mund të plotësojnë kërkesën për të pasur 25% kapital të huaj, ndërsa u theksua edhe nevoja për një precizim më të madh të kritereve për aplikim. Në fazën e përgatitjes është një draft-marrëveshje bashkëpunimi me dy institucione të arsimit të lartë dhe kompaninë "Birraria e Shkupit". Shtatë komuna në vendin tonë deri më tani kanë fituar këtë certifikatë rajonale për rrethim të volitshëm afarist (BFC). Ato janë komunat: Veles, Strumicë, Bogdancë, Shtip, Gazi Babë, Qyteti i Shkupit dhe Ilinden.

## ФУНКЦИОНАЛНАТА АНАЛИЗА - ОСНОВА ЗА ИЗРАБОТКА НА АКТОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И НА АКТОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

## ANALIZA FUNKSIONALE - BAZË PËR HARTIMIN E AKTIT TË ORGANIZIMIT TË BRENDSHËM DHE AKTIT TË SISTEMATIZIMIT TË VENDEVE TË PUNËS

Единиците на локалната власт, како и институциите во јавниот сектор во Република Македонија, од 2015 година имаат законска обврска да подготвуваат Акт за внатрешна организација и Акт за систематизација на работните места, кои треба да се засноваат на изготвена функционална анализа. Одговорни за изработка на овие документи се преставниците од одделнијата за управување со човечки ресурси (УЧР), па во таа насока, на 7 декември, 2018 година ЗЕЛС тренинг центарот организираше работилница за членовите на Мрежата за управување со човечки ресурси при ЗЕЛС, на тема „Методологијата за имплементација на функционална анализа во институциите на јавниот сектор". Со оваа тема, пртставниците од Мисијата на ОБСЕ во нашата земја, ги запознаа и градоначлниците на средба што беше организирана пред одреден период.

Njësitë e vetëqeverisjes lokale, si dhe institucionet e sektorit publik në Republikën e Maqedonisë, që nga viti 2015 kanë obligim ligjor për të përgatitur Aktin për organizimin e brendshëm dhe Aktin për sistematizimin e vendeve të punës, që duhet të bazohen në një analizë të hartuar funksionale. Përfaqësuesit e departamenteve për menaxhimin e resurseve njerëzore (MRNJ) janë përgjegjës për përgatitjen e këtyre dokumenteve, kështu që në këtë drejtim, më 7 dhjetor 2018, Qendra e Trajnimeve të BNJVL-së organizoi një punëtori për anëtarët e Rrjetit për menaxhimin e resurseve njerëzore pranë BNJVL-së, me temë "Metodologjia e implementimit të analizës funksionale në institucionet e sektorit publik". Për këtë temë, përfaqësuesit e Misionit të OSBE-së në vendin tonë informuan gjithashtu edhe kryetarët e komunave në një takim që u organizua një kohe më parë.

### Правна рамка

Во согласност со Законот за вработени во јавниот сектор е донесен и Правилник за содржината и начинот на подготовката на овие два акта, како и за содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор („Службен весник на РМ" број 11/15). Со последните измени на овој Закон („Службен весник на Република Македонија" број 198/18) институциите ги донесуваат овие акти по спроведена функционална анализа, базирана на докази. Во институцијата во која заради процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската Унија, односно заради преземени обврски од ЕУ проекти има потреба од систематизирање на повеќе работни места отколку што е утврдено во ставот (5) на овој член, бројот на систематизирани работни места се утврдува согласно со функционалната анализа, одобрена од Министерството за информатичко општество и од органот надлежен за буџет." Новина во овој дел претставува обврската на МИОА да дава согласност и на функсионалната анализа, а се наметнува обврската и на органот надлежен за буџет да дава согласност за ФА. Од следната година се активираат и обврските од член 17, став 5, во Актот за ситематизација на работните места. Целосна ФА треба да се спроведува на секои четири години или кога ќе настанат значителни промени во однос на надлежностите и поставеноста на институцијата. Овие активности претставуваат дел од реформите во јавната администрација.

### Korniza ligjore

Në pajtim me Ligjin për punonjësit e sektorit publik u miratua edhe Rregullore për përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes së këtyre dy akteve, si dhe për përmbajtjen e analizës funksionale të institucioneve të sektorit publik ("Gazeta Zyrtare e RM-së" numër 11/15). Me ndryshimet e fundit të këtij Ligji ("Gazeta zyrtare e RM-së" numër 198/18) institucionet miratojnë këto akte pas analizës së zbatuar funksionale, të bazuar në prova. Në institucionin në të cilin për shkak të procesit të integrimit të Republikës së Maqedonisë në Bashkimin Evropian, përkatësisht për shkak të obligimeve të ndërmarra nga projektet e BE-së ka nevojë të sistematizohen më shumë vende të punës sesa që është përcaktuar në paragrafin (5) të këtij neni, numri i vendeve të sistematizuara të punës përcaktohet në përputhje me analizën funksionale, të miratuar nga Ministria e Shoqërisë Informatike dhe nga organi që është kompetent për buxhet. Risi në këtë pjesë është obligimi i Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës për të dhënë pëlqim edhe për analizën funksionale, ndërsa organit përgjegjës për buxhet i imponohet obligimi për të dhënë pëlqim për analizën funksionale. Prej vitit të ardhshëm aktivizohen edhe obligimet e nenit 17, paragrafi 5, në Aktin për sistematizimin e vendeve të punës. Analiza e plotë funksionale duhet të zbatohet në çdo katër vjet ose kur do të bëhen ndryshime të rëndësishme në aspektin e përgjegjësive dhe pozicionin e institucionit. Këto aktivitete janë pjesë të reformave të administratës publike.

## Суштина и критериуми

ФА треба да претставува алатка за раководството за подобрување на ефикасноста и ефективноста на извршувањето на работните задачи во рамки на внатрешната поставеност, како и за дистрибуцијата на расположливите ресурси (кадровски, просторни, ИТ, технички и др.) ФА сама по себе не предизвикува суштински промени, туку поставува рамка на сите потребни процеси на развој на капацитетите и на управувањето. Суштината на ФА е да ги идентификува предизвиците од организациски и функционален аспект, кои можат потенцијално да го отежнат или попречат остварувањето на актуелните надлежности и задачи на институцијата, но и оние кои се предвидуваат со стратешките документи и притоа да се предложат конкретни мерки за подобрување на исполнувањето на целите и задачите на институцијата,насочени кон остварување на очекуваните резултати.

На работилница беа детално образложени и критериумите на ФА кои треба да дадат јасна слика за институцијата во однос на надлежностите, целите, приоритетите и очекуваните резултати, каде меѓу другото беше наведено дека е потребно да се воспостават јасни и пишани процедури за работните процеси и да се утврди добра и редовна комуникација меѓу организациските единици во институцијата. Исто така, стана збор и за самиот процес на спроведување на анализата, тргнувајќи од формирање на тим одговорен за нејзина реализација, собирање на информации за расположливите човечки капацитети, потоа податоци за перцепцијата на вработените во институцијата, спроведување на интервјуа, анализа и категоризација на функциите, па сè до анализа на информациите и евалуација според критериумите. Стана збор и по кои препораки треба да се водат општините при нејзиното спроведување, а беа презентирани и примери од извештаи од одредени институции кои веќе спровеле функционална анализа и истите им беа електронски доставени на присутните.

## Thelbi dhe kriteret

Analiza funksionale duhet të jetë një vegël e udhëheqjes për të përmirësuar efikasitetin dhe efektivitetin e ekzekutimit të detyrave të punës në kuadër të strukturës së brendshme, si dhe për të shpërndarë resurset që janë në dispozicion (resurset kadrovike, hapësinore, IT, teknike, etj). Analiza funksionale në vetvete nuk shkakton ndryshime thelbësore, por përcakton kornizën për të gjitha proceset e nevojshme të zhvillimit të kapaciteteve dhe menaxhimit. Thelbi i analizës funksionale është t'i identifikojë sfidat e aspektit organizativ dhe funksional, të cilat potencialisht mund ta vështirësojnë ose ta pengojnë realizimin e kompetencave dhe detyrave aktuale të institucionit, por edhe ato që parashihen me dokumentet strategjike dhe njëkohësisht të propozohen masa konkrete për përmirësimin e përmbushjes së qëllimeve dhe detyrave të institucionit, të destinuara drejt realizimit të rezultateve të pritura.

Në punëtorinë u shpjeguan hollësisht edhe kriteret e analizës funksionale, të cilat duhet të japin pasqyrë të qartë të institucionit lidhur me kompetencat, objektivat, prioritetet dhe rezultatet e pritura, ku ndër të tjera u theksua se është e nevojshme të vendosen procedura të qarta dhe me shkrim për proceset e punës dhe të vendoset një komunikim të mirë dhe të rregullt mes njësive organizative të institucionit. Gjithashtu, u diskutua edhe për procesin e zbatimit të analizës, duke u nisur nga formimi i një ekipi përgjegjës për zbatimin e saj, mbledhjen e informacioneve për resurset njerëzore që janë në dispozicion, pastaj të dhënat për perceptimin e të punësuarve të institucionit, zbatimin e intervistave, analizave dhe kategorizimit të funksioneve dhe analizën e informacioneve dhe vlerësim sipas kritereve. U diskutua edhe për atë se sipas cilave rekomandime duhet të udhëhiqen komunat gjatë zbatimit të saj, ndërsa u prezantuan edhe shembuj të raporteve nga institucione të caktuara që kanë kryer tashmë një analizë funksionale dhe të njëjtët u dërguan në mënyrë elektronike deri te të pranishmit.



## ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА МОРА ДА ЈА ОТСЛИКУВААТ ФИНАНСИСКИ СТАБИЛНИ ОПШТИНИ!

„Децентрализација: Патот што претстои" беше насловот на конференцијата што ја организираше ЗЕЛС, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во нашата земја, на 14 декември, 2018 година во хотелот „Александар палас" во Скопје. Станува збор за средба меѓу претставниците на локалната и на централната власт. Градоначалниците, како и претставниците на Комитетот на советите при ЗЕЛС, дискутираат со повеќе министри од Владата на Република Македонија, предводени од премиерот на Република Македонија, Зоран Заев. Градоначалниците: Аце Коцевски, Теута Арифи, Саша Богдановиќ, Наташа Петровска, Перо Костадинов и Благој Бочварски во името на ЗЕЛС, на присутните министри им ги изнесоа предизвиците со кои се соочуваат локалните власти во повеќе области од својата надлежност и тоа урбанизмот, образованието, културата, детската заштита, противпожарната заштита, финансирањето на локалната власт. На поставените прашања одговори дадоа повеќе министри меѓу кои: заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска; министерот за финансии, Драган Тевдовски; министерката за труд и социјала, Мила Царовска; министерот за култура, Асаф Адеми, министерот за транспорт и врски, Горан Сугаревски и заменик министерот за образование и наука, Петар Атанасов. На оваа средба, на која беа отворени важни теми кои се однесуваат на развојот на процесот на децентрализација, начините за подигнување на капацитетите на општините и идните правци на соработка помеѓу централната и локалната власт, присуствуваа и министерот за локална самоуправа, Сухејл Фазлиу и повеќе амбасадори во нашата земја, меѓу кои и амбасадорот, Клеменс Која, шеф на Мисијата на ОБСЕ во нашата земја.

### Со длабока анализа на состојбите до нови концепциски промени во локалната власт

-„ Крајно време е да разбереме, дека локалната власт е непосредниот давател на услугите на граѓаните. Таа најдобро ги знае нивните потреби и најдобро знае да ги одреди приоритетите. Мораме да се преиспитаме, односно да ги преиспитаме сегашните позиции на локалната власт во процесот на децентрализацијата, надлежностите кои ги имаме, средствата што ги добиваме за нивна реализација и сериозно да ги утврдиме следните чекори. Нашите заложби се единствени - продлабочување на децентрализацијата. Подготвени сме за нови предизвици. Но, притоа, потребно ни е адекватно и стабилно финансирање за секоја, досега префрлена и за секоја идна надлежност. Односно, со еден збор, ни треба децентрализација што ќе ја отсликуваат финансиски стабилни општини. Со тоа, во овој момент, воопшто не можеме да се пофалиме. Во ЗЕЛС сериозно сме размислувале во оваа насока, имаме и одредени утврдени предлози и ставови за нови концепциски промени во децентрализацијата, но за тоа се потребни подлабоки анализи, вкрстување на идеи од двете страни и извлекување на најдобрите решенија. По кој пат ќе тргнеме, зависи од сите нас." Во името на сите локални власти, ова на конференцијата го истакна претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов.

## DECENTRALIZIMIN DUHET TA REFLEKTOJNË KOMUNAT E QËNDRUESHME FINANCIARE!

"Decentralizimi: Rruga që na pret", ishte titulli i konferencës të cilën e organizoi BNJVL-ja, me mbështetjen e Misionit të OSBE-së në vendin tonë, më 14 dhjetor 2018 në hotelin "Aleksandar Palas" në Shkup. Bëhet fjalë një takim midis përfaqësuesve të pushtetit lokal dhe atij qendror. Kryetarët e komunave, si dhe përfaqësuesit e Komitetit të këshillave të BNJVL-së diskutuan me më shumë ministra të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, të udhëhequr nga kryeministri i Republikës së Maqedonisë, Zoran Zaev. Kryetarët e komunave: Ace Kocevski, Teuta Arifi, Sasha Bogdanoviq, Natasha Petrovska, Pero Kostadinov dhe Bllagoj Boçvarski në emër të BNJVL-së, ua prezantuan ministrave të pranishëm sfidat me të cilat ballafaqohen autoritetet lokale në shumë sfera të kompetencave të tyre, edhe atë në sferën e urbanizmit, arsimit, kulturës, mbrojtjes së fëmijëve, mbrojtjes nga zjarri, financimit të pushtetit lokal. Për pyetjet e parashtruara përgjigje dhanë disa ministra, ndër të cilët: Zëvendëskryeministrja e Qeverisë dhe Ministre e Mbrojtjes, Radmilla Shekerinska; Ministri i Financave, Dragan Tevdovski; Ministrja e Punës dhe Politikës Sociale, Milla Carovska; Ministri i Kulturës, Asaf Ademi, Ministri i Transportit dhe Lidhjeve, Goran Sugarevski dhe Zëvendës-Ministri i Arsimit dhe Shkencës, Petar Atanasov. Në këtë takim, në të cilin u hapën tema të rëndësishme që kanë të bëjnë me procesin e zhvillimit të decentralizimit, mënyrat për rritjen e kapaciteteve të komunave dhe drejtimet e ardhshme të bashkëpunimit mes pushtetit qendror dhe atij lokal, morën pjesë edhe Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Suhejl Fazliu dhe më shumë ambasadorë në vendin tonë, ndër të cilët edhe Ambasadori Klemens Koja, shef i misionit të OSBE-së në vendin tonë.

### Me një analizë të thellë të gjendjeve për ndryshime të reja konceptuale në pushtetin lokal

- "Është koha e fundit për të kuptuar se pushteti lokal është ofruesi direkt i shërbimeve për qytetarët. Sepse ai i njeh më së miri nevojat e tyre dhe njeh t'i përcaktojë më mirë prioritetet e tyre. Ne duhet ta rishqyrtojmë veten, gjegjësisht t'i rishqyrtojmë pozicionet aktuale të pushtetit lokal në procesin e decentralizimit, përgjegjësitë që i kemi, mjetet që i marrim për zbatimin e tyre dhe t'i përcaktojmë seriozisht hapat e ardhshëm. Angazhimet tona janë unike - thellimi i decentralizimit. Ne jemi të gatshëm për sfida të reja. Por, njëkohësisht kemi nevojë për një financim adekuat dhe të qëndrueshëm për çdo kompetencë të transferuar deri më tani, por edhe për çdo kompetencë të ardhshme. Përkatësisht, me një fjalë, na nevojitet decentralizim të cilin do ta reflektojë komunat financiarisht të qëndrueshme. Me këtë, në këtë moment, nuk mund të lavdërohemi aspak. Në BNJVL kemi menduar seriozisht në këtë drejtim, kemi edhe propozime dhe qëndrime të caktuara që janë përcaktuar për ndryshime të reja konceptuale në decentralizim, por për këtë gjë nevojiten analiza më të thella, të shkëmbehen ide nga të dyja anët dhe të nxirren zgjidhjet më të mira. Në cilën rrugë do të nisemi, kjo varet nga të gjithë ne". Këtë e tha në konferencë Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov në emër të të gjitha autoriteteve lokale.



## Апел до општините за поголема ажурност во изработка на квалитетни проекти

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, во своето воведно излагање истакна дека процесот на децентрализацијата мора да се заокружи на системски начин, кој ќе им овозможи на општините да бидат функционални и финансиски стабилни, а од друга страна непречено и квалитетно да ги извршуваат обврските и услугите кон граѓаните. Тој посочи дека оваа Влада е сериозен партнер на локалната власт на патот на решавањето на наталожените проблеми на локално ниво и ќе претставува сериозна поддршка во реализација на низа развојни проекти, за да можат граѓаните да добиваат навремени, ефикасни и квалитетни услуги. Заев потенцираше дека и на локалната и на централната власт во фокусот им се граѓаните и затоа посветено и двете ќе работат на подобрување на условите за живот и на услугите во сите градови и села во земјава. Премиерот потсети и на досега преземените активности на централната власт за поддршка на рамномерниот регионален развој, враќањето на наследените долгови на општините, при што најави флексибилност околу спроведувањето на новите законски фискални правила, со цел да не се предизвика кочење на развојот на локалната власт.

„Се работи на целосно ревидирање на блок дотациите во областа на образованието, културата, детската заштита, противпожарната заштита. За брзо време ќе бидат предложени модели на финансирање на овие надлежности, кои треба да придонесат за поефикасна и одржлива испорака на услугите од страна на општините кон граѓаните. Работиме на тоа да обезбедиме 70 милиони евра од Светската банка за изградба и реконструкција на локални патишта и 50 милиони евра од Европската инвестициска банка за изградба и реконструкција на водоводи и канализации. Станува збор за кредитни линии, кои ќе бидат оперативни уште на почетокот на 2019 година. Во 2019 ќе станат оперативни и средства од ТАВ, повеќе од 35 милиони евра, за тригодишни проекти за водоводи, канализации, детски градинки, училишта и спортски сали во училиштата. Од Светската

## Apel për komunat për angazhim më të madh në përgatitjen e projekteve cilësore

Kryetari i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, Zoran Zaev në fjalimin e tij hyrës tha se procesi i decentralizimit duhet të rrumbullakohet në mënyrë sistematike që do t'i mundësojë komunat të jenë funksionale dhe financiarisht të qëndrueshme, ndërsa nga ana tjetër t'i kryejnë në mënyrë të pandërprerë dhe cilësore obligimet dhe shërbimet për qytetarët. Ai theksoi se kjo qeveri është partner serioz i pushtetit lokal në rrugën e zgjidhjes së problemeve të akumuluara në nivel lokal dhe se do të jetë mbështetje serioze në realizimin e një sërë projektesh të zhvillimit që të mund qytetarët të marrin me kohë shërbime efikase dhe cilësore. Zaev theksoi se qytetarët janë në fokusin e pushtetit lokal dhe atij qendror dhe prandaj të dyja pushtetet do të punojnë me përkushtim për të përmirësuar kushtet e jetesës dhe shërbimeve në të gjitha qytetet dhe fshatrat në vend. Kryeministri kujtoi edhe për aktivitetet e ndërmarra deri më tani të pushtetit qendror për mbështetjen e zhvillimit të barabartë rajonal, kthimin e borxheve të trashëguara të komunave, ku paralajmëroi një fleksibilitet në zbatimin e rregullave të reja ligjore fiskale, me qëllim që të mos shkaktohet pengimi i zhvillimit të pushtetit lokal.

"Po punohet tërësisht për revidimin e bllok dotacioneve në sferën e arsimit, kulturës, mbrojtjes së fëmijëve, mbrojtjes nga zjarri. Për një kohë të shkurtër do të propozohen modelet e financimit të këtyre kompetencave, të cilat duhet të kontribuojnë për një realizim më efikas dhe më të qëndrueshëm të shërbimeve nga ana e komunave në drejtim të qytetarëve. Po punojmë për të siguruar 70 milionë euro nga Banka Botërore për ndërtimin dhe rindërtimin e rrugëve lokale dhe 50 milionë euro nga Banka Evropiane e Investimeve për ndërtimin dhe rindërtimin e ujësjellësve dhe kanalizimeve. Bëhet fjalë për linja të kredive, të cilat do të jenë operative që në fillim të vitit 2019. Në vitin 2019 do të bëhen operative edhe mjetet nga TAV, më shumë se 35 milionë euro, për projekte trevjeçare për ujësjellës, kanalizime, kopshte fëmijësh,








банка на располагање се 30 милиони евра за период од четири години за унапредување на системот на социјалната заштита. Од нив 16 милиони евра се само за изградба и реконструкција на детски градинки. Овие пари повторно ќе завршат во општините. Преку ИПА програмите, некаде се заокружуваат повеќе од 40 милиони евра за делот на прочистителни станици, за делот на депониите кои што ќе се отворат во Македонија. Ако направиме некоја груба математика, тоа значи дека повеќе од 230 милиони евра ќе се слеат во општините за подмирување на долговите, како и за изградба на локални патишта, канализации и водоводи и градинки.", рече премиерот во своето излагање. Тој, исто така,

shkolla dhe salla sportive në shkolla. Nga Banka Botërore në dispozicion janë 30 milionë euro për një periudhë katërvjeçare për përmirësimin e sistemit të mbrojtjes sociale. Prej tyre, 16 milionë euro janë vetëm për ndërtimin dhe rindërtimin e kopshteve të fëmijëve. Këto para përsëri do të përfundojnë në komunat. Përmes IPA programeve, rrumbullakohen diku rreth 40 milionë eurosh për pjesën e stacioneve të filtrimit, për pjesën e deponive që do të hapen në Maqedoni. Nëse bëjmë një matematikë të përafërt, kjo do të thotë se më shumë se 230 milionë euro do të shkojnë në komunat për shlyerjen e borxheve, si dhe për ndërtimin e rrugëve lokale, kanalizimeve dhe ujësjellësve dhe kopshteve të



посочи дека оваа Влада е подготвена да се развласти, односно да ја продлабочи децентрализацијата со тоа што ќе префрли дел од надлежностите на локално ниво, и тоа особено во културата и социјалната заштита, но се разбира со утврдени средства за таа намена. Притоа, посочи дека и самите локални власти мораат поажурно да работат на собирање на сопствените приходи, особено на данокот на имот и на другите такси.

Премиерот Заев упати апел до општините и до општинската администрација, навремено да започнат со изработка на квалитетни и ревидирани проекти кои ќе ги доставуваат до надлежните министерства за да можат да повлекуваат повеќе пари од кредитните линии и да започнат што побрзо со реализација на истите. Тој посочи дека тоа треба да преставува значаен приоритет на секоја локална власт. На крајот од своето излагање, премиерот истакна на подготвеноста на Владата за воведување на нови чекори во финансиската децентрализација, меѓу кои, зголемување на процентот од ДДВ и од персоналниот данок. Во зависност од капацитетите и можностите на општините беше најавена и можноста кон средината на следната година на општините да им се префрлат нови надлежности во делот на центрите за социјална работа, здравствените домови, домовите за култура, и друго.

На присутните им се обрати и министерот за локална самоуправа, Сухејл Фазлиу, кој посочи на подготвеноста на Владата за поддршка на локалната власт, и обезбедувањето на рамномерен регионален развој и дека се подготвуваат значајни анализи за утврдување на можностите за продлабочување на процесот на децентрализацијата, но со финансиски стабилни општини.

Амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ во нашата земја, Клеменс Која, истакна дека како и досега и во следниот период Мисијата ќе работи на поддршка на локалните власти во нашата земја, преку низа проекти, бидејќи локалната власт претставува важен сегмент за подигање и продлабочување на демократијата. На крајот од Конференцијата, беа поконкретно запознаени со активностите на Мисијата во делот на транспарентноста, човечките ресурси, родовата еднаквост, развојот на локалните политики и јакнење на општинските совети.

fëmijëve", tha Kryeministri në fjalimin e tij. Ai gjithashtu theksoi se kjo Qeveri është e gatshme të ndajë pushtetin, përkatësisht të thellojë decentralizimin duke bartur një pjesë të kompetencave në nivel lokal, veçanërisht në sferën e kulturës dhe mbrojtjes sociale, por gjithsesi me mjete të përcaktuara për këtë qëllim. Njëkohësisht ai theksoi se edhe autoritetet lokale duhet të punojnë në mënyrë më efektive për grumbullimin e të ardhurave vetanake, veçanërisht për tatimin e pronës dhe taksat e tjera.

Kryeministri Zaev u bëri thirrje komunave dhe administratës komunale që të fillojnë me kohë me përgatitjen e projekteve cilësore dhe të rishikuara të cilat do t'i dërgojnë në ministritë kompetente në mënyrë që ato të mund të tërheqin më shumë para nga linjat e kredive dhe të fillojnë sa më shpejt me realizimin e projekteve. Ai theksoi se ky duhet të jetë prioritet i rëndësishëm për çdo pushtet lokal. Në fund të fjalimit të tij, Kryeministri theksoi gatishmërinë e Qeverisë për aplikimin e hapave të rinj në decentralizimin fiskal, ndër të cilët, rritja e përqindjes së TVSH-së dhe të tatimit personal. Varësisht nga kapacitetet dhe mundësitë e komunave, u paralajmërua edhe mundësia që ka mesi i vitit të ardhshëm të barten kompetenca të reja për komunat në pjesën e qendrave të punës sociale, qendrave të shëndetit, qendrave të kulturës etj.

Të pranishmëve iu drejtua edhe Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Suhejl Fazliu, i cili theksoi gatishmërinë e Qeverisë për të mbështetur pushtetin lokal dhe për të siguruar zhvillim të barabartë rajonal dhe se po përgatiten analiza të rëndësishme për përcaktimin e mundësive për thellimin e procesit të decentralizimit, por me komuna financiarisht të qëndrueshme.

Ambasadori i Misionit të OSBE-së në vendin tonë, Klemens Koja theksoi se si deri më tani edhe në periudhën e ardhshme, Misioni do të punojë për të mbështetur autoritetet lokale në vendin tonë, nëpërmjet një sërë projektesh, sepse pushteti lokal është segment i rëndësishëm për ngritjen dhe thellimin e demokracisë. Në fund të konferencës, ata u njoftuan më konkretisht për aktivitetet e Misionit në pjesën e transparencës, resurseve njerëzore, barazisë gjinore, zhvillimit të politikave lokale dhe përforcimit të këshillave të komunave.



## НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ГИ УСВОИ АКЦИСКИОТ ПЛАН И БУЏЕТОТ ЗА СЛЕДНАТА ГОДИНА

Надзорниот одбор на ЗЕЛС, на 14 декември, 2018 година ја одржа третата седница. Членовите на ова тело ги разгледаа Предлог -акцискиот план за 2019 година и Предлог- буџетот на ЗЕЛС за 2019 година. Активностите во Акцискиот план на ЗЕЛС за 2019 година ги следат стратегиските цели на ЗЕЛС, поврзани со лобирањето за адекватни законски решенија за спроведување на надлежностите на локалната власт, поддршка на општинската администрација во зајакнувањето на нивните капацитети, одржување на услуги за електронските системи и јакнење на административната служба на ЗЕЛС. Присутните беа информирани и за структурата на приходите и расходите за следната година, распределена соодветно на активностите и потребите за одржувањето на ЗЕЛС. На седницата се говореше и за надоместувањето на долговите за членарина што ги имаат одредени општини кон ЗЕЛС, склучените договори и утврдените рокови за отплата.

Надзорниот одбор едногласно ја усвои содржината на овие два значајни документи за работењето на ЗЕЛС со предлог до Генералното собрание за нивно усвојување на првата седница на ова највисоко тело на Заедницата.



## BORDI MBIKËQYRËS I BNJVL-SË MIRATOI PLANIN AKSIONAR DHE BUXHETIN E BNJVL-SË PËR VITIN E ARDHSHËM

Bordi Mbikëqyrës i BNJVL-së, më 14 dhjetor 2018, mbajti seancën e tretë. Anëtarët e këtij organi shqyrtuan Propozim-planin aksionar për vitin 2019 dhe Propozim-buxhetin e BNJVL-së për vitin 2019. Aktivitetet e Planit aksionar të BNJVL-së për vitin 2019 ndjekin objektivat strategjike të BNJVL-së të lidhura me lobimin për zgjidhje adekuate ligjore për zbatimin e kompetencave të pushtetit lokal, mbështetjen e administratës komunale në përforcimin e kapaciteteve të tyre, mirëmbajtjen e shërbimeve për sistemet elektronike dhe përforcimin e shërbimit administrativ të BNJVL-së. Të pranishmit u informuan edhe për strukturën e të ardhurave dhe shpenzimeve për vitin e ardhshëm, të shpërndarë në mënyrë përkatëse në bazë të aktiviteteve dhe nevojave për mirëmbajtjen e BNJVL-së. Në seancë u diskutua edhe për kompensimin e borxheve të anëtarësisë që i kanë komuna të caktuara ndaj BNJVL-së, marrëveshjet e nënshkruara dhe afatet e përcaktuar për shlyerjen e këtyre borxheve.

Bordi mbikëqyrës miratoi unanimisht përmbajtjen e këtyre dokumenteve të rëndësishme për punën e BNJVL-së me propozim për Kuvendin Gjeneral që t'i miratojë ato në seancën e parë të këtij organi më të lartë të Bashkësisë.

## ПОТРЕБНА Е АНАЛИЗА И ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА СЕГАШНИТЕ ПОЗИЦИИ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ – ЗАКЛУЧОК ОД ТРЕТАТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

-„Во изминатиов период локалната власт беше ставена на колена, во очајна состојба и за нејзино оправување навистина се потребни сериозни и големи чекори. Потребни ни се поквалитетни услови за спроведување на нашите надлежности, за да можеме сериозно да одговориме на потребите на граѓаните. Граѓаните не сакаат да слушаат за општинските долгови, наследени од минатото или од претходните гарнитури, не сакаат да слушаат дека локалната власт не добива доволно финансиски средства и слично. Тие од нас бараат сега, денес, утре, за една година да добијат водовод, канализација, пат, градинка, чист воздух, одличен превоз ... Затоа мораме да се преиспитаме, односно да ги преиспитаме сегашните позиции на локалната власт во процесот на децентрализацијата, надлежностите кои ги имаме, средствата што ги добиваме за нивна реализација и сериозно да ги утврдиме следните чекори."

Ова беше дел од излагањето на претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, пред делегатите на третата седница на Генералното собрание, што се одржа на 14 декември, 2018

## NEVOJITET ANALIZË DHE RISHIKIM TË POZICIONEVE AKTUALE TË PUSHTETIT LOKAL – KONKLUZION NGA SEANCA E TRETË E KUVENDIT GJENERAL TË BNJVL-SË

- "Në periudhën e kaluar pushteti lokal ishte i vendosur në një pozitë të palakueshme, në një situatë të keqe dhe për rimëkëmbjen e tij me të vërtetë nevojiten hapa seriozë dhe të mëdhenj. Na nevojiten kushte më cilësore për zbatimin e kompetencave tona që të mund t'u përgjigjemi seriozisht nevojave të qytetarëve. Qytetarët nuk duan të dëgjojnë për borxhet e komunave, të trashëguara nga e kaluara apo nga garniturat e mëparshme, nuk duan të dëgjojnë se pushteti lokal nuk merr mjete të mjaftueshme etj. Ata kërkojnë nga ne që tani, sot, nesër, për një vit të fitojnë ujësjellës, kanalizim, rrugë, kopsht fëmijësh, ajër të pastër, transport të shkëlqyeshëm... Prandaj, ne duhet ta rishqyrtojmë veten, gjegjësisht t'i rishqyrtojmë pozicionet aktuale të pushtetit lokal në procesin e decentralizimit, përgjegjësitë që i kemi, mjetet që i marrim për zbatimin e tyre dhe seriozisht t'i përcaktojmë hapat e ardhshëm.

Kjo ishte pjesë e fjalimit të Kryetarit të BNJVL-së, Petre Shilegov para delegatëve në seancën e tretë të Kuvendit Gjeneral që u mbajt më 14 dhjetor 2018, në hotelin "Aleksandar Palas", në Shkup, menjëherë pas përfundimit të Konferencës nacionale të pushtetit

година, во хотелот „Александар Палас", во Скопје, веднаш по завршувањето на Националната конференција на локалната и централната власт. Пред бројните градоначалници и пред членовите на Комитетот на советите при ЗЕЛС, Шилегов информираше за одредени активности, преземени од Управниот одбор и за идните заложби на локалните власти.

-„Должен сум да ве информирам дека Управниот одбор на ЗЕЛС имаше остра реакција околу донесувањето на измените во Законот за финансирање на единиците на локалната власт. Претседателството на ЗЕЛС, заедно со неколку членови од Управниот одбор, побаравме и имавме средба со премиерот и со министерот за финансии. Пред сè изнесовме дека до ЗЕЛС воопшто не беше испратен предлог-законот на разгледување и дека во иднина е неприфатливо носење на законски решенија без претходна консултација со локалната власт. Донесената мерка во овој Закон, во вакви услови е погубна речиси за сите локални власти, особено за остварување на развојната компонента. Шилегов информираше и за реакциите на ЗЕЛС и во однос на неповратните средства во висина од 50 милиони евра, што Владата ги одвои за општините кои имаат долгови, но изрази надеж дека дел од општините ќе успеат да вратат дел од својот долг.




Како сериозен предизвик за следниов период Шилегов го посочи спроведувањето на надлежностите во противпожарната заштита, но и во образованието. Потсети дека на почетокот на септември, ЗЕЛС издејствува измени во Законот за превоз во патниот сообраќај, со кои се создадоа поповолни услови за исполнување на обврската за бесплатен превоз на учениците, а рече дека се иницираат и решенија за руралните општини, односно за недостапните терени, преку обезбедување на превозни средства, со поддршка од Владата.

## Забелешки на централната власт за општините

Претседателот на ЗЕЛС ги информираше делегатите и за забелешките што централната власт ги изнесува на заедничките средби со претставниците од ЗЕЛС, а кои се однесуваат за активности што не ги реализирале општините. Реакциите се во насока на преземање на активности за рационализација на училишната мрежа, со оглед на фактот дека бројката на наставници расте, наспроти намалувањето на бројот на учениците. Второто укажување е потребата за поголема посветеност на локалната власт во собирањето на сопствените приходи, особено на данокот на имот, како најзначаен извор за полнење на општинскиот буџет. Потребно е општинските служби итно да направат комплетна евиденција на сите имоти што се наоѓаат на територијата на секоја општина, како и да извршат репроценување на даночната основица, според актуелната методологија. Истакнато беше дека треба да се размислува и во насока на искористување на постојните законски можности, како зголемување на процентот од зафаќањето на данокот на имот, можности за воведување на други такси и даноци и друго.

lokal dhe atij qendror. Para kryetarëve të shumtë të komunave dhe para anëtarëve të Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së, Shilegov informoi për aktivitete të caktuara të ndërmarrë nga Bordi drejtues dhe për angazhimet e ardhshme të autoriteteve lokale.

- "Jam i detyruar t'ju informoj se Bordi drejtues i BNJVL-së reagoi ashpër ndaj miratimit të amendamenteve të Ligjit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale. Kryesia e BNJVL-së së bashku me disa anëtarë të Bordit drejtues kërkuam dhe patëm një takim me Kryeministrin dhe Ministrin e Financave. Para së gjithash, ne thamë se në BNJVL nuk u dërgua fare projekt-ligji për shqyrtim dhe se në të ardhmen nuk do të pranohet miratimi i zgjidhjeve ligjore pa konsultim paraprak me pushtetin lokal. Masa e miratuar në këtë Ligj, në kushte të këtilla, është e dëmshme për pothuajse të gjitha autoritetet lokale, sidomos për realizimin e komponentit të zhvillimit. Shilegov informoi edhe për reagimet e BNJVL-së në lidhje me mjetet e pakthyeshme në shumë prej 50 milionë eurosh, të cilat Qeveria i ndau për komunat që kanë borxhe dhe shprehu shpresën se një pjesë e komunave do të arrijnë të shlyejnë një pjesë të borxhit të tyre.

Shilegov e theksoi zbatimin e kompetencave në mbrojtjen zjarrfikëse, por edhe në arsim si një sfidë serioze për periudhën e ardhshme. Ai rikujtoi se në fillim të muajit shtator, BNJVL-ja kontribuoi për ndryshimet në Ligjin për transportin rrugor, me të cilat u krijuan kushte më të volitshme për përmbushjen e detyrimit për transportin falas të nxënësve, ndërsa tha se iniciohen edhe zgjidhje për komunat rurale, gjegjësisht për terrenet me qasje të vështirësuar, përmes sigurimit të mjeteve të transportit, me mbështetje të Qeverisë.

## Vërejtjet e pushtetit qendror për komunat

Kryetari i BNJVL-së informoi delegatët edhe për vërejtjet të cilat i nxjerr pushteti qendror në të gjitha takimet e përbashkëta me përfaqësuesit e BNJVL-së, të cilat kanë të bëjnë me aktivitetet që nuk i kanë realizuar komunat. Reaksionet janë në drejtim të ndërmarrjes së aktiviteteve për racionalizimin e rrjetit të shkollave, duke pasur parasysh faktin se rritet numri i mësuesve, kundrejt uljes së numrit të nxënësve. Vërejtja e dytë është nevoja për një angazhim më të madh të pushtetit lokal për mbledhjen e të ardhurave vetanake, sidomos për tatimin e pronës, si burim më i rëndësishëm për mbushjen e buxhetit komunal. Është e nevojshme që shërbimet komunale të bëjnë urgjentisht evidencë të plotë të të gjitha pronave që gjenden në territorin e çdo komune, si dhe të bëjnë një rivlerësim të bazës tatimore, sipas metodologjisë aktuale. U theksua se duhet të mendohet edhe në lidhje me përdorimin e mundësive të tjera ekzistuese ligjore, si rritja e përqindjes së përfshirjes së tatimit të pronës, mundësitë për të aplikuar taksa dhe tatime të tjera etj.

**Заложби за обезбедување на финансиски стабилни општини**

Шилегов рече дека во следниов период ќе треба поаналитички и попосветено да се преиспита до каде е децентрализацијата, но и колку локалната власт е подготвена за нови чекори. Освен со финансиските предизвици, локалните власти се соочуваат и со предизвици во кадровскиот потенцијал. Како сето тоа да се надмине и дали една мала општина треба и мора да ги има истите надлежности како и поголема општина, се прашања за сериозни анализи. ЗЕЛС веќе се подготвува во таа насока, а на крајот на мај донесе и Систематизирани ставови на ЗЕЛС, кои беа доставени на разгледување до сите локални власти, потоа беа испратени и до централната власт. Најголемите залагања на ЗЕЛС се во насока на обезбедување на финансиски стабилни општини, преку адекватни блок дотации, зголемување на процентот од зафаќањето од ДДВ на 10% и од персоналниот данок на 50%, како и обезбедување повеќе средства за локалната власт од средствата што се добиваат од продажби и концесии на минерали, земјоделско земјиште и слично. Ставот на единиците на локалната самоуправа е за продлабочување на процесот на децентрализацијата, но само доколку тоа подразбира и сериозно обезбедување на адекватни финансиски средства за општините. На крајот од обраќањето, претседателот на ЗЕЛС посочи дека на локалните власти им претстои тежок период, кога освен со предизвиците со кои ќе се соочуваат на својата територија, ќе се работи и на надминување на заедничките предизвици како локална власт, сплотени преку ЗЕЛС, во постојани преговори со Владата. Притоа, тој апелираше до сите членки на ЗЕЛС да ја регулираат својата обврска, односно да ја плаќаат членарината кон ЗЕЛС .

На седницата на Генералното собрание на ЗЕЛС, извршната директорка, Душица Перишиќ, ги презентираше активности што ги предвидува ЗЕЛС за следната година, а кои се во согласност со трите стратегиски цели: лобирање, поддршка на општинската администрација и електронски услуги и јакнење на ЗЕЛС. Таа го образложи и буџетот на ЗЕЛС за следната година. Присутните едногласно го изгласаа Акциониот план на ЗЕЛС и буџетот на ЗЕЛС за 2019 година.

**Zotime për sigurimin e komunave financiarisht të qëndrueshme**

Shilegov tha se në periudhën e ardhshme do të duhet në mënyrë më analitike dhe me përkushtim më të madh të rishqyrtohet se deri ku është progresi i decentralizimit, por edhe se sa është i gatshëm pushteti lokal për hapa të rinj. Përveç me sfidat financiare, autoritetet lokale ballafaqohen edhe me sfida të potencialit të kuadrove. Se si të tejkalohen këto gjëra dhe nëse një komunë e vogël duhet t'i ketë të njëjtat kompetenca që i ka një komunë e madhe, janë çështje për analiza serioze. BNJVL-ja tashmë po përgatitet në këtë drejtim dhe në fund të muajit maj përgatiti edhe Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së, të cilat u dorëzuan për shqyrtim deri te të gjitha autoritetet lokale dhe pastaj ato u dërguan deri te pushteti qendror. Angazhimet më të mëdha të BNJVL-së janë në drejtim të sigurimit të komunave financiarisht të qëndrueshme, përmes bllok-dotacioneve adekuate, rritjes së përqindjes së përfshirjes së TVSH-së deri në 10% dhe të tatimit personal deri në 50%, si dhe sigurimit të më shumë mjeteve për pushtetin lokal nga mjetet që fitohen nga shitja dhe koncesionet e mineraleve, tokës bujqësore dhe të ngjashme. Qëndrimi i njësive të vetëqeverisjes lokale është thellimin e procesit të decentralizimit, por vetëm nëse kjo nënkupton edhe sigurimin serioz të mjeteve adekuate financiare për komunat.

Në fund të fjalimit, kryetari i BNJVL-së theksoi se vijon një periudhë e vështirë për autoritetet lokale, kur përveç me sfidat me të cilat ballafaqohen në territorin e tyre, ato do të punojnë edhe për t'i tejkaluar sfidat e përbashkëta, si pushtet lokal, të bashkuara përmes BNJVL-së, në negociata të vazhdueshme me Qeverinë. Në këtë drejtim, ai i bëri thirrje të gjithë anëtarëve të BNJVL-së që të rregullojnë detyrimin e tyre, përkatësisht të paguajnë anëtarësinë ndaj BNJVL-së.

Në seancën e Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së, Drejtori ekzekutiv, Dushica Perishiq prezantoi aktivitetet të cilat i parasheh BNJVL-ja për vitin e ardhshëm, të cilat janë në përputhje me tri qëllimet strategjike: lobimi, mbështetja e administratës komunale dhe shërbimeve elektronike dhe forcimi i BNJVL-së. Ajo prezantoi edhe Buxhetin e BNJVL-së për vitin e ardhshëm. Të pranishmit miratuan unanimisht Planin aksionar të BNJVL-së dhe Buxhetin e BNJVL-së për vitin 2019.



# ЗЕЛС ПРОДОЛЖУВА СО ПОДДРШКАТА НА ОПШТИНИТЕ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ ВО ПЛАНИРАЊЕТО

Од почетокот на следната година, до април 2020 година, ЗЕЛС ќе ја реализира втората фаза од Регионалниот проект на „Одржлива урбана мобилност во Југоисточна Европа –Фаза 2 (Sustainable urban mobility), поддржан од Германската агенција за поддршка и развој –ГИЗ. Со тоа ЗЕЛС продолжува да ги насочува општините кон одржлива урбана мобилност во планирањето, која се темели на намалување на загадувањето, зголемување на зеленило, обезбедување на поголем слободен простор за движење на граѓаните, воспоставување на забранети зони за сообраќај, подобрување на јавниот превози и на условите за користење на велосипедите и користење на катни паркиралишта. Ако кај традиционалното планирање фокусот е ставен на задоволувањето на потребите на сообраќајот, кај мобилното планирање, главната цел е ставена на граѓанинот и на управувањето со побарувачката во сообраќајот.

Во првата фаза на овој проект, ЗЕЛС успешно организираше работилница за изработка на планови за одржлива урбана мобилност, што ја проследија претставници од 16 општини од областа на урбанизам, сообраќај, енергетика и заштита на животната средина. Темата предизвика голем интерес кај сите општини. Во рамките на проектот беше подготвена и публикацијата „Насоки за одржлива урбана мобилност во Југоисточна Европа", што минатиот месец, по електронски пат, ЗЕЛС им ја достави на членовите на Мрежата за енергетика и истата е поставена на веб страницата на ЗЕЛС: ww.zels.org.mk/Upload/Content/Documents/Dokumenti/EN/2018/SUMSEEC%20Roadmap%20for%20SEE_en.pdf.Во публикацијата се претставени најдобрите искуства и проекти за урбана мобилност од европски градови и од градови од ЗИЕ, како и одредени состојби на ова поле во овие земји.

Во втората фаза од проектот ќе се продолжи со спроведување на дополнителни обуки за заинтересираните општини, а можно е и обезбедување на консултантски услуги за општините кои би биле заинтересирани да изработат вакви планови. Во рамките на проектот, беше одржана работна

# BNJVL-JA VAZHDON ME MBËSHTETJEN E KOMUNAVE PËR MOBILITET TË QËNDRUESHËM URBAN NË PLANIFIKIM

Nga fillimi i vitit të ardhshëm, e deri në prill të vitit 2020, BNJVL-ja do ta realizojë fazën e dytë të Projektit rajonal për "Mobilitetin e qëndrueshëm urban në Evropën Juglindore-Faza 2 (Sustainable urban mobility)", të mbështetur nga Agjencia Gjermane për Mbështetje dhe Zhvillim-GIZ. Me këtë, BNJVL-ja vazhdon t'i drejtojë komunat kah mobiliteti i qëndrueshëm urban në planifikim, i cili bazohet në reduktimin e ndotjes, rritjen e gjelbërimit, sigurimin e hapësirës më të madhe të lirë për lëvizje të qytetarëve, vendosjen e zonave të ndaluara për trafik, përmirësimin e transportit publik dhe kushteve për përdorimin e biçikletave dhe përdorimin e garazheve shumëkatëshe. Nëse fokusi i planifikimit tradicional është përmbushja e nevojave të trafikut, qëllimi kryesor i planifikimit mobil është qytetari dhe menaxhimi i kërkesës së trafikut.

Në fazën e parë të këtij projekti, BNJVL-ja organizoi me sukses një punëtori për përgatitjen e planeve të mobilitetit të qëndrueshëm urban, në të cilën morën pjesë përfaqësues nga 16 komuna të fushës së planifikimit urban, trafikut, energjetikës dhe mbrojtjes së mjedisit. Tema shkaktoi një interes të madh në mesin e të gjitha komunave. Në kuadër të projektit u përgatit edhe publikimi "Udhëzime për mobilitetin e qëndrueshëm urban në Evropën Juglindore", të cilin muajin e kaluar në mënyrë elektronike BNJVL-ja ua dërgoi anëtarëve të Rrjetit të energjetikës dhe i njëjti është vendosur në faqen e internetit të BNJVL-së: www.zels.org.mk/Upload/Content/Documents/Dokumenti/EN/2018/SUMSEEC%20Roadmap%20for%20SEE_en.pdf. Në publikimin janë prezantuar përvojat dhe projektet më të mira për mobilitetin urban nga qytetet evropiane dhe qytetet e Evropës Juglindore, si dhe gjendje të caktuara të kësaj sfere në këto vende.

Në fazën e dytë të projektit do të vazhdohet me zbatimin e trajnimeve shtesë për komunat e interesuara dhe është e mundshme të sigurohen edhe shërbime këshilluese për komunat që do të ishin të interesuara për të përpiluar plane të këtilla. Në kuadër të projektit, u mbajt një takim pune me



средба со претставници од земјите - учеснички : Македонија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина, каде претставниците на ГИЗ најавија можности, една до две општини да бидат директно поддржани од страна на ГИЗ и ЗЕЛС, во имплементирањето на мерки за одржлива урбана мобилност.

Овој проект е поврзан и со една од целите во Европскиот договор на градоначалниците (EU Covenant of Mayors) кој се однесува токму на потребата од градење на капацитетите на локалните власти за управување со енергијата. Во таа насока се и мерките за зголемување на удобноста на живеењето, воведување нови приоритети во транспортот на граѓаните и намалувањето на загадувањето. Воведувањето на планови за „одржлива урбана мобилност" што е во согласност со насоките, стратегиите и акциските планови на ЕУ уште од 2009 година е еден од начините за постигнување на овие приоритети.

përfaqësuesit e vendeve - pjesëmarrëse: Maqedonia, Shqipëria, Kosova, Mali i Zi dhe Bosnja e Hercegovina, ku përfaqësuesit e GIZ-it paralajmëruan mundësi që një deri dy komuna të mbështeten drejtpërdrejt nga ana e GIZ-it dhe BNJVL-së në implementimin e masave për mobilitet të qëndrueshëm urban.

Ky projekt është i lidhur edhe me një nga objektivat e Konventës evropiane të kryetarëve të komunave (EU Covenant of Mayors), e cila ka të bëjë pikërisht me nevojën për ndërtimin e kapaciteteve të autoriteteve lokale për menaxhimin e energjisë. Në këtë drejtim janë edhe masat për rritjen e komoditetit të jetesës, aplikimin e prioriteteve të reja në transportin e qytetarëve dhe reduktimin e ndotjes. Aplikimi i planeve për "mobilitetin e qëndrueshëm urban", që është në përputhje me udhëzimet, strategjitë dhe planet aksionare të BE-së që nga viti 2009, është një nga mënyrat për arritjen e këtyre prioriteteve.

## ЕЛЕКТРОНСКАТА ПЛАТФОРМА НА ЗЕЛС ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ПРЕЗЕНТИРАНА НА РЕГИОНАЛНА СРЕДБА КАКО УСПЕШНА ПРАКТИКА

Електронската платформа за родово одговорно буџетирање (rob.zels.org.mk) и Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС за 2018-2030 година, беа презентирани на состанокот на Советодавниот одбор на регионалниот проект за родово одговорно буџетирање, што се одржа од 11-13 декември, 2018 година во Истанбул (Турција), во организација на UN Women. Овие две алатки што ЗЕЛС ги изработи во рамките на Проектот за родово одговорно буџетирање, поддржан од UN Women, Скопје, како и промотивниот видео материјал на Општина Кочани за реализираните активности на оваа локалната власт за надминување на родовите разлики, беа претставени како добри практики од нашата земја пред учесниците на состанокот од Албанија, Босна и Херцеговина и Молдавија. Претставничката од ЗЕЛС говореше за зацртаната мисија на ЗЕЛС за поддршка на своите членки, локалните власти на патот на јакнењето на родовата еднаквост, како и за имплементирањето на националните и на меѓународните политики од оваа област од страна на општините. Беа посочени повеќе добри општински практики од Република Македонија, а посебен акцент беше ставен на постигнатите успеси на Општина Кочани, како резултат на голема посветеност и соработка меѓу градоначалникот, Комисијата за еднакви можности и координаторот за еднакви можности во општината.

На состанокот учествуваа и претставници од Министерството за труд и социјална политика и од Центарот за развој и креирање на политики. Беа презентирани добри практики од другите земји, како и резултатите од проектот „Чуварките на јавно ќесе" што се реализира во Македонија, Албанија и Молдавија. Учесниците на состанокот заклучија дека е потребно натамошно јакнење на активностите на ова поле во сите четири земји, размена на добри практики и учење преку Peer to Peer, како и поголема промоција на постигнатите резултати, користејќи ги традиционалните медиуми и социјалните мрежи.

## PLATFORMA ELEKTRONIKE E BNJVL-SË PËR BUXHETIM TË PËRGJEGJSHËM PËR BARAZI GJINORE U PREZANTUA NË TAKIMIN RAJONAL SI NJË PRAKTIKË E SUKSESSHME

Platforma elektronike për buxhetim të përgjegjshëm për barazi gjinore (rob.zels.org.mk) dhe Strategjia për barazi gjinore e BNJVL-së për periudhën 2018-2030, u prezantuan në takimin e Bordit këshillëdhënës të projektit rajonal për buxhetim të përgjegjshëm për barazi gjinore që u mbajt nga 11 - 13 dhjetor 2018 në Stamboll (Turqi), të organizuar nga UN Women. Këto dy vegla që i përgatiti BNVL-ja në kuadër të Projektit për buxhetim të përgjegjshëm për barazi gjinore, të mbështetur nga UN Women, Shkup, si dhe video materiali promovues i komunës së Koçanit për aktivitetet e realizuara të këtij pushteti lokal për tejkalimin e dallimeve gjinore, u prezantuan si praktika të mira nga vendi ynë përpara pjesëmarrësve të takimit nga Shqipëria, Bosnja dhe Hercegovina dhe Moldavia. Përfaqësuesja e BNJVL-së foli për misionin e përcaktuar të BNJVL-së për të mbështetur anëtarët e saj, autoritetet lokale në rrugën e forcimit të barazisë gjinore, si dhe për implementimin e politikave kombëtare dhe ndërkombëtare të kësaj fushe nga ana e komunave. U theksuan më shumë praktika të mira të komunave nga Republika e Maqedonisë, ndërsa një theks të veçantë u vendos në sukseset e arritura të komunës së Koçanit, si rezultat i angazhimit dhe bashkëpunim të madh mes kryetarit të komunës, Komisionit për mundësi të barabarta dhe koordinatorit për mundësi të barabarta në komunë.

Në takim morën pjesë edhe përfaqësues të Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale dhe Qendrës për Zhvillim dhe Krijim të Politikave. U prezantuan praktika të mira nga vende të tjera, si dhe rezultatet e projektit "Rojtaret e parave publike" që po zbatohet në Maqedoni, Shqipëri dhe Moldavi. Pjesëmarrësit në takim morën konkluzion se ka nevojë për përforcim të mëtejshëm të aktiviteteve në këtë fushë në të gjitha katër vendet, shkëmbim të praktikave të mira dhe të mësohet përmes mekanizmit Peer to Peer, si dhe një promovim më të madh të rezultateve të arritura duke përdorur mediat tradicionale dhe rrjetet sociale.

## АКТИВНОСТИ НА ЗЕЛС ВО ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМИ ЗА ПОЕФИКАСНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА

Надлежните институции во нашата земја за спроведување на активностите од Истанбулската конвенција, имаат обврска секоја година да подготвуваат оперативен план за спроведување на Националниот план за 2018-2023 година. Беше препорачано да се вклучи и ЗЕЛС, па во таа насока е изработен Оперативен план за 2019 година во кој се утврдени активности кои во соработка со инситуциите-носители, треба да овозможат подготовка на единиците на локалната власт и нивните инситутции за воспоставување на системи за поефикасно исполнување на обврските што треба да спроведат на локално ниво.

Во таа насока предвидено е ЗЕЛС да даде придонес во креирањето на измените и дополнувањата на Законот за еднакви можности на жените и мажите, каде ќе бидат вклучени и комисиите за еднакви можности во општините и општинските координатори. Потоа предвидено е активно вклучување на претставници од ЗЕЛС во донесувањето на новиот Закон за социјална заштита, што е во процедура. Освен МТСП, како носител на постапката, вклучени се и установите за социјална заштита, општините и граѓанските организации. Потребно е да се утврди забрана за дискриминација и да се уредат и сервиси за жртвите на сите форми на родово базирано насилство (РБН), вклучувајќи ги и сервисите за ранливите категории на жени (жени припаднички на етничките заедници, бремени жени, жени со мали деца, самохрани мајки, жени со попреченост, рурални жени, жени кои употребуваат droги, сексуални работнички, жени под интернационална заштита и барателки на азил, мигрантките, жени без државјанство, бегалки, лезбијки, бисексуалки и трансродови луѓе, жени кои живеат со ХИВ, бездомнички и др.). Во сите овие активности ќе бидат вклучени и локалните власти и граѓанските организации поради што е потребно да се утврди и начинот на нивното финансирање за испорака на социјалните услуги, вклучително и жртвите на РБН.

МТСП во соработка со единиците на локалната власт ќе работи и на воспоставувањето на центри за жртви на семејно насилство (засолништа) согласно со стандардите на конвенцијата. Притоа е предвидено да се воспостават најмалку четири засолништа во планските региони (Скопски, Полошки, Југоисточен и Југозападен). Ќе се воспостават и центри за советување жртви на семејно насилство, каде МТСП во соработка со Министерството за здравство, општините и граѓанските организации ќе воспостави десет советувалишта за психо-социјална поддршка на жртви на семејно насилство, сторители на семејно насилство и деца. За спроведувањето и реализацијата на дел од овие активности предвидена е и реализација на обуки за претставници на локалните тела за еднакви можности на ЕЛС за РБН.

Исто така, се предвидуваат и активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги во урбаните и во руралните средини, во соработка со локалната самоуправа. Од посебна важност е локалните власти во своите стратегиски докемунти да посветуваат значајно внимание и на имплементирање на правци за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство. ЗЕЛС ќе биде вклучен и во оваа активност, како поддршка на своите членки.

### Имплементирање на конвенцијата во нашата земја

Комитетот на министри при Советот на Европа, на седми април 2011 година ја усвои Конвенцијата за спречување и борба против

## AKTIVITETET E BNJVL-SË PËR VENDOSJEN E SISTEMEVE PËR PËRMBUSHJEN MË EFIKASE TË OBLIGIMEVE TË KONVENTËS SË STAMBOLLIT

Institucionet në vendin tonë që janë kompetente për të zbatuar aktivitetet e Konventës së Stambollit janë të detyruar që çdo vit të përgatisin një plan operativ për zbatimin e Planit kombëtar 2018 -2023. U rekomandua që të përfshihet edhe BNJVL-ja, kështu që në këtë drejtim është përpiluar Plani operativ për vitin 2019, në të cilin janë përcaktuar aktivitetet të cilat në bashkëpunim me institucionet-bartëse duhet ta mundësojnë përgatitjen e njësive të vetëqeverisjes lokale dhe institucioneve të tyre për vendosjen e sistemeve për përmbushjen më efikase të obligimeve që duhet të zbatohen në nivel lokal.

Në këtë drejtim është paraparë që BNVL-ja të kontribuojë në krijimin e ndryshimeve dhe plotësimeve të Ligjit për mundësi të barabarta të grave dhe burrave, ku do të përfshihen edhe komisionet për mundësi të barabarta në komunat dhe koordinatorët komunalë. Pastaj, është paraparë përfshirja aktive e përfaqësuesve të BNJVL-së në miratimin e Ligjit të ri për mbrojtjen sociale, i cili është në procedurë. Përveç MPPS-së, si bartës i procedurës janë përfshirë edhe institucionet për mbrojtje sociale, komunat dhe organizatat e shoqërisë civile. Është e nevojshme të përcaktohet një ndalim diskriminimi dhe të rregullohen edhe shërbime për viktimat e të gjitha formave të dhunës së bazuar gjinore (DHBGJ) duke përfshirë edhe shërbimet për kategoritë e rrezikuara të grave (gratë që u përkasin komuniteteve etnike, gratë shtatzëna, gratë me fëmijë të vegjël, nënat e vetme, gratë me aftësi të kufizuara, gratë e zonave rurale, gratë që përdorin drogë, punonjëset e seksit, gratë nën mbrojtje internacionale dhe gratë kërkuese të azilit, emigrantet, gratë pa shtetësi, refugjatet, lezbiket, biseksualet dhe njerëzit transeksualë, gratë që jetojnë me HIV, gratë e pastreha etj.). Në të gjitha këto aktivitete do të përfshihen edhe autoritetet lokale dhe organizatat e shoqërisë civile dhe prandaj është e nevojshme të përcaktohet edhe mënyra e financimit të tyre për zbatimin e shërbimeve sociale, duke përfshirë edhe viktimat e DHBGJ-së.

MPPS-ja në bashkëpunim me njësitë e vetëqeverisjes lokale do të punojë gjithashtu edhe për krijimin e qendrave për viktimat e dhunës në familje (strehimore) në përputhje me standardet e Konventës. Njëkohësisht është paraparë të krijohen të paktën katër strehimore në rajonet planifikuese (rajonin e Shkupit, Pologut, Juglindor dhe Jugperëndimor). Do të krijohen edhe qendra për këshillim të viktimave të dhunës në familje, ku MPPS-ja në bashkëpunim me Ministrinë e Shëndetësisë, komunat dhe organizatat e shoqërisë civile do të krijojë dhjetë qendra të këshillimit për mbështetje psiko-sociale të viktimave të dhunës në familje, kryerësve të dhunës në familje dhe fëmijëve. Për zbatimin dhe realizimin i një pjese të këtyre aktiviteteve është paraparë edhe realizimi i trajnimeve për përfaqësuesit e organeve lokale për mundësi të barabarta të njësive të vetëqeverisjes lokale për dhunën e bazuar gjinore. Gjithashtu parashihen edhe aktivitete për ngritjen e vetëdijes për të gjitha format e dhunës së bazuar gjinore, promovimin e barazisë gjinore dhe eliminimin e stereotipave për rolet gjinore në zonat urbane dhe rurale, në bashkëpunim me vetëqeverisjen lokale. Është me rëndësi të veçantë që autoritetet lokale në dokumentet e tyre strategjike t'i kushtojnë vëmendje të konsiderueshme edhe implementimit të udhëzimeve për parandalimin dhe mbrojtjen e të gjitha formave të dhunës ndaj grave dhe dhunës në familje. BNJVL-ja do të përfshihet edhe në këtë aktivitet, si një mbështetës e anëtarëve të saj.

### Implementimi i Konventës në vendin tonë

Komiteti i Ministrave të Këshillit të Evropës, më 7 prill 2011 miratoi Konventën për parandalimin dhe luftimin e dhunës

насилството врз жените, вклучувајќи го и домашното насилство, а за време на состанокот на министрите во Истанбул, на 11 мај, 2011 година, беше отворена за потпис. Десет земји ја ратификуваа Истанбулската конвенција, по што на први август, 2014 година таа влезе во сила.

Република Македонија беше меѓу првите земји што ја потпишаа конвенцијата, а во декември 2017 година, Собранието на Република Македонија го усвои Законот за ратификација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и домашното насилство. Инструментот за ратификација беше предаден на 23 март 2018 година, а конвенцијата влезе во сила на први јули 2018 година.

Следеше изработка на Националниот план за нејзино спроведување, што претставува стратешки документ на Владата на Република Македонија. Основната цел на постојниот план е да дизајнира, спроведе и координира сеопфатна национална политика за превенција и елиминирање на насилството врз жените. Активностите во планот ќе се реализираат во периодот 2018-2023 година, кога ќе се воспостави темелот за сеопфатен правен и институционален одговор на родово-базираното насилство во Македонија. Во Националниот акциски план се опфатени три основни цели: 1. Усогласување на законската рамка со одредбите на конвенцијата; 2. Воспоставување општи и специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство и 3. Спроведување активности за превенција на родово-базирано насилство и семејно насилство.

ndaj grave, duke përfshirë dhunën në familje, ndërsa gjatë takimit të ministrave në Stamboll më 11 maj 2011, ajo u hap për nënshkrim. Dhjetë shtete ratifikuan Konventën e Stambollit dhe më 1 gusht 2014 ajo hyri në fuqi.

Republika e Maqedonisë ishte ndër vendet e para që nënshkruan Konventën, ndërsa në dhjetor të viti 2017, Kuvendi i Republikës së Maqedonisë miratoi Ligjin për ratifikimin e Konventës për parandalimin dhe luftimin e dhunës ndaj grave, duke përfshirë dhunën në familje. Instrumenti i ratifikimit u dorëzua më 23 mars 2018, ndërsa Konventa hyri në fuqi më 1 korrik 2018.

Pastaj u përpilua Plani kombëtar për zbatimin e saj, i cili është një dokument strategjik i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë. Objektivi themelor i planit aktual është hartimi, zbatimi dhe koordinimi i një politike gjithëpërfshirëse kombëtare për parandalimin dhe eliminimin e dhunës ndaj grave. Aktivitetet e Planit do të realizohen në periudhën 2018-2023, kur do të vendoset themeli për një përgjigje gjithëpërfshirëse ligjore dhe institucionale të dhunës së bazuar gjinore në Maqedoni. Në Planin aksionar kombëtar përfshihen tri objektiva themelore: 1. Harmonizimi i kornizës ligjore me dispozitat e Konventës; 2. Vendosja e shërbimeve të përgjithshme dhe të specializuara për avancimin e mbrojtjes së viktimave të dhunës së bazuar gjinore dhe viktimave të dhunës në familje; dhe 3. Zbatimi i aktiviteteve për parandalimin e dhunës së bazuar gjinore dhe dhunës në familje.

**IN MEMORIAM**

**Сочувство за загубата на нашиот градоначалник, Јован Стојаноски**

Ненадејната смрт на градоначалникот Јован Стојаноски не погоди сите. Тој беше навистина голем човек, добар домаќин и татко на сите граѓани во Општина Охрид. Во својот живот беше максимално посветен на науката, но сакаше на истата да даде и една практична целост, па непоколебливо се фати во костец и со создавањето на поквалитетни услови за своите сограѓани во Општина Охрид. Неговата визија беше Охрид да биде најпознатата културна и туристичка дестинација во светот, но пред сè најдобро место за живеење на неговите жители. Ги учеше сите да дадат сопствен позитивен придонес, со што многу ќе придонесат кон колективното добро. Се вложуваше себеси во неуморната борба да покаже и да не убеди дека промените и успехот се постигнуваат само со напорна работа, голема одговорност и чесност. Кој ја има почувствувано неговата силна верба за подобро и поубаво утре, вечно ќе го памети. А ќе се паметат и неговите дела, што тој ги правеше како градоначалник. Смртта на Стојаноски е ненадоместлива за неговото семејство, но и за сите граѓани во општината и во Република Македонија. Станува збор за успешен градоначалник, кој беше целосно посветен на развојот на сопствената општина и на развојот на децентрализацијата на власта и на демократските процеси во земјава. ЗЕЛС загуби човек, кој со својата сила и искуства претставуваше силна потпора за нејзин континуиран развој и поборник за целосно решавање на сите предизвици со кои се соочувавме. ЗЕЛС упатува искрено жалење за огромната загуба пред сè до неговото семејство, како и до вработените во Општина Охрид и до членовите на Советот. Почивај во мир, наш драг градоначалнику !

**Од ЗЕЛС**



**IN MEMORIAM**

**Ngushëllime për humbjen e Kryetarit tonë, Jovan Stojanoski**

Vdekja e papritur e kryetarit Jovan Stojanoski na tronditi të gjithë. Ai ishte me të vërtetë njeri i madh, familjar i mirë dhe baba i të gjithë qytetarëve të Komunës së Ohrit. Në jetën e tij, ai ishte maksimalisht i përkushtuar shkencës, por donte t'i jepte asaj një tërësi praktike, kështu që pa hezitim u angazhua për të krijuar kushte më të mira për bashkëqytetarët e tij të Komunës së Ohrit. Vizioni i tij ishte që Ohri të jetë destinacioni më i njohur kulturor dhe turistik në botë, por mbi të gjitha, vendi më i mirë për të jetuar për banorët e tij. Ai i mësonte të gjithë që të japin kontributin e tyre pozitiv me të cilin do të kontribuojnë shumë për të mirën kolektive. Ai nuk e kursente veten në luftën e palodhshme për të treguar dhe për të na bindur se ndryshimet dhe suksesi arrihen vetëm me shumë punë, me përgjegjësi të madhe dhe me ndershmëri. Kushdo që ka ndjerë besimin e tij të fortë për një të ardhme më të mirë dhe më të bukur, do ta kujtojë atë përgjithmonë. Dhe do të kujtohen edhe veprat e tija, që i bëri ai si kryetar komune. Vdekjen e Stojanoskit nuk mund ta kompensojnë as familja e tij, as të gjithë qytetarët e komunës dhe të Republikës së Maqedonisë. Bëhet fjalë për një kryetar të suksesshëm komune, i cili ishte tërësisht i përkushtuar për zhvillimin e komunës së tij dhe për zhvillimin e decentralizimit të pushtetit dhe proceseve demokratike në vend. BNJVL-ja humbi një njeri, i cili me forcën dhe përvojën e tij ishte një mbështetje e fortë për zhvillimin e saj të vazhdueshëm dhe një zotues për zgjidhjen e tërësishme të të gjitha sfidave me të cilat ballafaqohemi. BNJVL-ja shpreh një keqardhje të sinqertë për humbjen e madhe, para të gjithash, për familjen e tij, si dhe për punonjësit e Komunës së Ohrit dhe anëtarët e Këshillit. Prehu në paqe, Kryetari ynë i dashur!

**Nga BNJVL**

## ПОТРЕБНО Е КРЕИРАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ ПОРАЗБИРЛИВ ЗА СОВЕТНИЦИТЕ И ЗА ГРАЃАНИТЕ

Првата координативна средба на работната група за финансирање и буџет, составена од 23 претседатели на општински совети се одржа на 20 декември, 2018 година, во Скопје. Станува збор за една од седумте работни групи, чии членови ќе се надградуваат во една од надлежностите на општините, за кои општинскиот совет донесува одлуки: меѓу кои се и урбанизам, локален економски развој, еднакви можности и друго. Овие групи се формирани во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети", што го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со ЗЕЛС, со Здружението на финансиски работници, UN Women, МЛС и МФ, а со финансиска поддршка на Швајцарската агенција за соработка и развој.

Присутните беа запознаени со Компаративниот извештај за општински приходи и расходи, каде меѓу другото е посочено дека повеќе од 60% од средствата со кои располагаат општините се добиени од трансфери од централната власт. Подетално беа разгледани сите блок дотациите што ги добиваат општините, како и методологиите за распределба на овие средства. Се говореше и за сопствените општински приходи и потребата за поголема ангажираност на локалната власт во нивното собирање. Како пример беше посочена потребата од комплетно евидентирање на данокот на имот, репроценка на вредноста на објектите според актуелната методологија и потребата за целост наплата на истиот. Беше нагласена и потребата за иницирање на нови методи или искористување на расположливите законски можности со кои ќе се придонесе за зголемување на сопствените приходи. Присутните посочија на постоење на голем број подрачја со легализирани објекти, за кои сè уште не се изработени детални урбанистички планови. Беше предложено ова прашање да се отвори на следната седница на Комитетот на советите при ЗЕЛС. Како еден од поважните предизвици со кои се соочуваат советниците беше нагласена и потребата за креирање на предлог –буџет што ќе биде поразбирлив за советниците и за граѓаните. Присутните предложија за ова тема да дискутира и Комитетот на советите при ЗЕЛС, бидејќи разгледувањето на буџетот е многу важна обврска за Советот и затоа треба истиот да биде прилагоден или поедноставно претставен пред Советот и граѓаните, односно истиот да биде разбирлив, со цел да се донесат соодветни одлуки.

На присутните им беше презентирана и електронската платформа за учење www.opstinskisoveti.mk која е достапна за секој од 1347 советници и која, освен за размена на информации и можности за стекнување на нови знаења, советниците ќе може, исто така да ја користат и за взаемна, онлајн комуникација, за размена на идеи, искуства, за одредени теми, прашања и документи од значење за успешна работа на секој општински совет. Присутните беа охрабрени сите предизвици, теми и иницијативи да ги изнесуваат на овие средби, со цел нивно натамошно канализирање и изнаоѓање на адекватни решенија.

## NEVOJITET TË KRIJOHET NJË PROPOZIM-BUXHET QË DO TË JETË MË I KUPTUESHËM PËR KËSHILLTARËT DHE QYTETARËT

Takimi i parë koordinues i Grupit punues për financim dhe buxhet, i përbërë nga 23 kryetarët e këshillave komunalë, u mbajt më 20 dhjetor 2018, në Shkup. Bëhet fjalë për një nga shtatë grupet punuese, anëtarët e të cilave do të avancojnë njohuritë e tyre për një nga kompetencat e komunave, për të cilat vendimet i merr këshilli komunal: ndër të cilat janë edhe urbanizmi, zhvillimi ekonomik lokal, mundësitë e barabarta etj. Këto grupe janë formuar në kuadër të projektit "Forcimi i këshillave komunalë", të cilin e zbaton Programi për Zhvillim të Kombeve të Bashkuara (UNDP) në partneritet me BNJVL-në, Shoqatën e punëtorëve financiarë, UN Women, MVL-në dhe MF-në, dhe me mbështetjen financiare të Agjencisë Zvicerane për Bashkëpunim dhe Zhvillim.

Të pranishmit u informuan për Raportin krahasues për të ardhurat dhe shpenzimet komunale, ku ndër të tjera u theksua se më shumë se 60% e mjeteve, të cilat i kanë në dispozicion komunat, janë marrë nga transferimet e pushtetit qendror. U shqyrtuan më hollësisht të gjitha bllok dotacionet që i marrin komunat, si dhe metodologjitë për shpërndarjen e këtyre mjeteve. U diskutua edhe për të ardhurat vetanake të komunave dhe për nevojën e angazhimit më të madh të pushtetit lokal në mbledhjen e tyre. Si shembull u theksua nevoja për një evidentim të plotë të tatimit të pronës, ri-vlerësimin e vlerës së objekteve sipas metodologjisë aktuale dhe nevojën për pagesën e plotë të të njëjtit. U theksua edhe nevoja për inicimin e metodave të reja ose shfrytëzimin e mundësive ligjore që janë në dispozicion me të cilat do të kontribuohet për rritjen e të ardhurave vetanake. Të pranishmit theksuan ekzistencën e numrit të madh të zonave me objekte të legalizuara, për të cilat ende nuk janë përgatitur plane të detajuara urbanistike. U propozua që kjo çështje të hapet në seancën e ardhshme të Komitetit të Këshillave të BNJVL-së. Si një nga sfidat më të mëdha me të cilat ballafaqohen këshilltarët u theksua edhe nevoja për krijimin e një Projekt-buxheti, i cili do të jetë më i kuptueshëm për këshilltarët dhe qytetarët. Të pranishmit propozuan që për këtë temë të diskutojë edhe Komiteti i Këshillave të BNJVL-së, sepse shqyrtimi i buxhetit është një obligim shumë i rëndësishëm për Këshillin dhe prandaj i njëjti duhet të përshtatet ose të prezantohet në mënyrë më të thjeshtë para Këshillit dhe qytetarëve, gjegjësisht i njëjti të jetë i kuptueshëm me qëllim që të merren vendime përkatëse.

Para të pranishmëve u prezantua edhe platforma elektronike për të mësuar www.opstinskisoveti.mk, e cila është në dispozicion për secilin prej 1.347 këshilltarëve dhe të cilën, përveç për shkëmbimin e informacioneve dhe mundësive për të fituar njohuri të reja, këshilltarët mund gjithashtu ta përdorin edhe për një komunikim të ndërsjellë on-line, shkëmbim të ideve, përvojave, temave të caktuara, pyetjeve dhe dokumenteve me rëndësi për punën e suksesshme të çdo këshilli komunal. Të pranishmit u inkurajuan që në këto takime t'i nxjerrin të gjitha sfidat, temat dhe iniciativat, me qëllim të kanalizimit të tyre të mëtejshëm dhe gjetjes së zgjidhjeve adekuate.

## ЗАКОНСКА ОБВРСКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКИ ПЛАН СО ДОЛГОРОЧНИ РЕШЕНИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух се состои од 17 мониторинг станици и една мобилна, кои вршат мерења на SO2, NO, NO2, NOX, CO, O3, PM10, PM2.5 и на тешки метали. Врз основа на долгорочната оценка на квалитетот на воздухот, концентрациите на суспендираните честички (PM10 и PM2.5), многу често ги надминуваат утврдените граници за заштита на човековото здравје. Емисиите со екстремно високи концентрации на PM10 се евидентирани во зимскиот период, при повеќедневна стабилна атмосферска состојба, со што емитираните загадувачки супстанци се акумулираат во долините, при намалено струење на атмосферата, што се должи на пролонгиран период без ветер и појава на температурна инверзија, како и при локални извори на емисија (сообраќајот, затоплувањето на домаќинствата и работата на индустриските капацитети). Мерните станици досега покажуваат дека ПМ10 честичката е најкритична загадувачка супстанца во Република Македонија. За намалување на загадувањето е потребен „интегриран пристап" во имплементација на мерките за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот, одржливо финансирање и подигање на јавната свест. Ова беше дел од презентацијата на стручните лица од Министерството за животна средина и просторно планирање, изнесена на работилницата што ЗЕЛС

## OBLIGIMI LIGJOR I KOMUNAVE PËR TË PËRGATITUR PLAN AKSIONAR ME ZGJIDHJE AFATGJATA PËR REDUKTIMIN E NDOTJES SË AJRIT

Sistemi shtetëror i monitorimit të cilësisë së ajrit të ambientit përbëhet nga 17 stacione monitorimi dhe një stacion mobil, të cilat kryejnë matjet e SO2, NO, NO2, NOX, CO, O3, grimcave PM10, PM2.5 dhe metaleve të rënda. Në bazë të vlerësimit afatgjatë të cilësisë së ajrit, përqendrimet e grimcave të suspenduara (PM10 dhe PM2.5) shumë shpesh i tejkalojnë kufijtë e përcaktuar për mbrojtjen e shëndetit të njeriut. Emetimet me përqendrime jashtëzakonisht të larta të grimcave PM10 janë regjistruar në periudhën e dimrit gjatë gjendjes së qëndrueshme atmosferike disaditëshe, me ç'rast substancat e lëshuara ndotëse akumulohen në luginat kur reduktohet lëvizja e ajrit në atmosferë, që është rezultat i periudhës së gjatë pa ajër dhe dukurisë së inversionit të temperaturës, si dhe burimeve lokale të emetimit (trafiku, ngrohja e amvisërive dhe operimi i kapaciteteve industriale). Stacionet matëse deri më tani tregojnë se grimca PM10 është substanca më kritike ndotëse në Republikën e Maqedonisë. Që të zvogëlohet ndotja nevojitet "qasje të integruar" në zbatimin e masave për mbrojtjen dhe përmirësimin e cilësisë së ajrit, financim të qëndrueshëm dhe ngritje të vetëdijes publike. Kjo ishte pjesë e prezantimit të ekspertëve të Ministrisë së Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor, të prezantuar në punëtorinë të cilën e organizoi



тренинг центарот ја организираше за членовите на Мрежата за животна средина, при ЗЕЛС, на 18 декември 2018 година.

Заради интегрирано дејствување кон намалување на загадувањето на воздухот и општините имаат законска обврска за подготовка на акциски план со долгорочни решенија за намалување на загадувањето на воздухот, а согласно со локалните услови и карактеристики потребно е да преземаат краткорочни мерки при појавата на високи концентрации на штетни честички во воздухот. Беше посочено дека со единечни мерки генерално е можно да се намалат емисиите само до 10 %, заради што долгорочниот пристап е неопходен. За тоа се потребни финасиски средства, осознавање и користење на добри практики и јакнење на капацитетите на административните капацитети.

Претставниците од општините посочија и на одредени предизвици со кои се соочуваат при преземањето на мерки за намалување на загадувањето на воздухот. Тие истакнаа дека домаќинствата се евидентирани како едни од најголемите загадувачи на воздухот во зимскиот период. Огревното дрво што се продава е со голема влажност и лош квалитет, но во земјава не постојат законски норми кои тоа ќе го санкционираат, како што не постои законска забрана за користење на јаглен за затоплување на домаќинствата. Присутните посочија дека кога инспекциските служби ќе увидат или ќе добијат пријава од граѓанин за евидентирано користење на несоодветен затоплувачки материјал од страна на некое домаќинство, инспекциската служба увидот треба да го изврши со судски налог. Судскиот налог се обезбедува потешко, а особено не, во дадениот момент на користење на несоодветниот материјал за греење.

Qendra e trajnimeve të BNJVL-së për anëtarët e Rrjetit të mjedisit jetësor pranë BNJVL-së, më 18 dhjetor 2018.

Për shkak të veprimit të integruar për reduktimin e ndotjes së ajrit, edhe komunat kanë obligimin ligjor për të përgatitur plan aksionar me zgjidhje afatgjata për reduktimin e ndotjes së ajrit, ndërsa në përputhje me kushtet dhe karakteristikat lokale është e nevojshme të ndërmarrin masa afatshkurtra nëse paraqiten përqendrime të larta të grimcave të dëmshme në ajër. U theksua se me masa të njëanshme, është e mundur në përgjithësi të reduktohen emetimet vetëm deri në 10%, sepse nevojitet qasje afatgjatë. Për këtë gjë nevojiten mjete financiare, njohuri dhe përdorim të praktikave të mira dhe përforcim të kapaciteteve të kapaciteteve administrative.

Përfaqësuesit e komunave theksuan edhe sfida të caktuara me të cilat ballafaqohen kur ndërmarrin masa për reduktimin e ndotjes së ajrit. Ata theksuan se amvisëritë janë të regjistruara si një nga ndotësit më të mëdhenj të ajrit në periudhën e dimrit. Druri për ngrohje që shitet është me lagështi të lartë dhe cilësi të dobët, por nuk ka norma ligjore në vend që do ta sanksionojnë këtë, siç nuk ka ndalim ligjor për përdorimin e thëngjillit për ngrohjen e amvisërive. Të pranishmit theksuan se kur shërbimet e inspektimit do të konstatojnë ose do të marrin një paraqitje nga ana e një qytetari për përdorimin e regjistruar të materialit të papërshtatshëm ngrohës nga ana e ndonjë amvisërie, shërbimi i inspektimit duhet ta kryejë inspektimin me urdhër të gjykatës. Urdhri i gjykatës sigurohet me shumë vështirësi, e sidomos në momentin e përdorimit të materialit të papërshtatshëm të ngrohjes.



ЗЕЛС ВИ ПОСАКУВА СРЕЌНА И УСПЕШНА 2019 ГОДИНА

BNJVL JU DËSHIRON FAT DHE SUKSESE NË VITIN 2019

ZELS WISHES YOU A HAPPY AND SUCCESSFUL NEW YEAR 2019

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË



**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. фах 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk